Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 239, 1 октомври 2019 година

октомври 2019 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Економика на туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловен доцент/насловен вонреден професор за научна област Прехранбена технологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за научна област Микологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област Современ танц, Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област Современ танц, Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебник „Административно право и административна постапка” од вон. проф. д-р Јадранка Денкова, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 45

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебник „Основи на менаџмент“ од проф. д-р Мимоза Серафимова, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методика на наставата по клавишни инструменти 1“ од проф.д-р Милица Шкариќ, Музичка академија, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 51

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методи на испитување во подготовка на минерални суровини“ од проф.д-р Мирјана Голомеова и доц.д-р Афродита Зенделска, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 54

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис „Практикум по оптометриски и офтамолошки инструменти ” од доц.д-р Страхил Газепов, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 57

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис „Теорија на сигнали и системи ” од проф. д-р Сашо Гелев, Електротехнички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 61

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис „Практикум по Финансово право” од д-р Кристина Мишева, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 65

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис „Финансово право-општ и посебен дел” (Скрипта) од д-р Кристина Мишева, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 68

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 71

**ИСПРАВКА** на техничка грешка ........ 74

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: доц. д-р Кирил Барбареев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Марија Манева
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА
ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО НА
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА
ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2102-242/3 од 10.9.2019 година донесена на 208. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржана на 10.9.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *економика на туризам и угостителство* на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 26.8.2019 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат: д-р Владимир Китанов.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Владимир Китанов** е роден на 24.11.1980 г. во Штип. Основно и средно образование-гимназија завршува во 1999 г. во Штип. Во 1999 година се запишува на Педагошки факултет „Гоце Делчев“ во Штип при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, каде што дипломира во 2003 година на отсекот Одделенска настава, со просек 9,06. По завршување на факултетот се вработува како референт за студентски прашања на Педагошки факултет „Гоце Делчев“ - Штип при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Од 2004 до 2007 година е раководител на студентски прашања и координатор на ЕКТС при Педагошки факултет „Гоце Делчев“ - Штип.

Со вклучувањето на Педагошкиот факултет во состав на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, од 2007 година, д-р Китанов е распределен како референт за студентски прашања на факултетите: Педагошки факултет, Факултет за туризам и бизнис логистика и на Факултетот за музичка уметност.

Во учебната 2008/2009 година се запишува на постдипломски студии на Факултетот за еколошки и рурален туризам при МИТ Универзитетот во Скопје, кои ги завршува со 8,66 просек. На 25.11.2009 година успешно го одбранил магистерскиот труд под наслов „Развој на руралниот туризам во регионот Малеш-Пијанец“ и се стекнува со научен степен магистер по еколошки и рурален туризам. На 22.3.2012 година на Меѓународната кадровска академија за управување со персонал во Киев, Украина, успешно ја одбранил докторската теза под наслов „Механизам за оценување и реализација на стратегија за развој на регионална туристичка дестинација на Република Македонија и Украина“, со што се стекнува со научен степен доктор на науки од областа на економија.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент:***

1. Доктор на науки од областа на економијата.
2. Остварен просечен успех од студиите на прв циклус: 9.06
3. Остварен успех од втор циклус: 8,66
4. Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Kitanov, V. | Cultural historical memories and objects and their nature on the economic development of rural tourism in the municipality od Berovo | Knowledge International Journal, Scientific and applicative papers, 26(6): 1649-1653 (ISSN 1857-923X) | 2018 |
| 2 | Kitanov, V. | Promotion of tourism in Macedonia, chance for economic development of the state | Knowledge International Journal, Scientific and applicative papers, 23(1): 353-357 (ISSN 1857-923X) | 2018 |
| 3 | Kitanov, V. | Socio-economic opportunities for development of rural tourism in the municipality of Berovo | Knowledge International Journal, Scientific and applicative papers, 23(1): 287-291 (ISSN 1857-923X) | 2018 |
| 4 | Kitanov, V. | Sustainable development in the Republic of Macedonia | Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 22(1): 309-313 (ISSN 1857-923X) | 2018 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот д-р Владимир Китанов со Одлука бр. 2602-184/5 од 10.8.2011 г. е избран за помлад асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, каде што бил активен при реализација на вежби од областа туризам и угостителство за следниве предмети: Ресторански менаџмент, Туристичка географија, Рурален туризам, Промотивни активности, Сообраќај во туризмот, Истражување на туристички пазар, Туристичка картографија, Меѓународен туризам и Културно наследство. За таа цел бил анфажиран на насоките Туризам, Гастрономија и Хотелско-ресторанска насока во наставните центри во Гевгелија, Штип и Скопје.

Кандидатот д-р Владимир Китанов со Одлука бр. 2102-505/6 од 26.12.2018 г. е избран во насловно звање доцент за наставно-научната област економика на туризам и угостителство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев “ во Штип и држи настава по предметите Вински туризам и Рурален туризам.

Од посебен научен интерес за кандидатот д-р Владимир Китанов се развојот на руралниот туризам, управувањето со туризмот и неговата економска димензија во развиените и руралните средини, како на ниво на Македонија, така и во меѓународни рамки.

Кандидатот д-р Китанов објавил повеќе научни трудови од областа на економијата во туризмот, руралниот туризам и други теми од областа на туризмот. Како поважни научноистражувачки трудови објавени во меѓународни научни списанија се издвојуваат:

1. **Kitanov, V.** (2019). *The importance of human resources in hotels*. *Knowledge - International Journal*, 30(6): 1767-1771 (ISSN 1857-923X).
2. **Kitanov, V.** (2018). Tourism as a composition of economic sciences and the economic process. *Knowledge - International Journal*, 28(1): 371-375 (ISSN 1857-923X).
3. **Kitanov, V.** (2018). *Cultural historical memories and objects and their nature on the economic development of rural tourism in the municipality of Berovo*. *Knowledge - International Journal,* 26(6): 1649-1652 (ISSN 1857-923X).
4. Kitanova, I. & **Kitanov, V.** (2018). Interaction-communication aspect of active listening in teaching. „Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и

перспективи“, Шеста меѓународна научна конференција, Штип (6), 21-27 (ISSN 978-608-244-525-0).

**5.** **Kitanov, V.** (2018). Promotion of tourism in Macedonia, chance for economic development of the state. Knowledge - International Journal, 23(1):353-357 (ISSN 1857-923X).

**6.** **Kitanov, V.** (2018). Socio-economic opportunities for development of rural tourism in the municipality of Berovo. Knowledge - International Journal, 23(1): 287-291 (ISSN 1857-923X).

**7.** **Kitanov, V.** (2018). *Segments of rural tourism in the Maleshevo region in the Republic of Macedonia*. Knowledge - International Journal, 22(2): 605-609 (ISSN 1857-923X).

**8.** **Kitanov, V.** (2018). Sustainable development in the Republic of Macedonia. Knowledge - International Journal, 22(1): 309-313 (ISSN 1857-923X).

9. Котески, Ц., Јаковлев, З., Ангелкова, Т., Митрева, Е. & **Китанов, В.** (2014). Преглед на патничкиот и товарниот сообраќај во Република Македонија во периодот од 1982-2010 г. Bulletin of Papers ASA - 2010-2011 (26-27): 49-55 (ISSN 0352-3497).

10. Котески, Ц., Јаковлев, З., Ангелкова, Т., Митрева, Е. & **Китанов, В.** (2014). Преглед и состојба на поштенскиот сообраќај, мрежата и бројот на претплатници во телекомуникацискиот сообраќај во Република Македонија во периодот од 2005-2010 година. Bulletin of Papers ASA - 2010-2011 (26-27): 57-66 (ISSN 0352-3497).

11. Котески, Ц., Јаковлев, З., Ангелкова, Т., Митрева, Е. & **Китанов, В.** (2014). Преглед на странски туристи и ноќевања по земји на припадност кои ја посетиле Република Македонија во периодот од 2006-2010 г. Bulletin of Papers ASA - 2010-2011 (26-27): 67-74 (ISSN 0352-3497).

12. Koteski, C., Josheski, D., Jakovlev, Z., Bardarova, S. & **Kitanov, V.** (2013). Demographic and Infrastructure Problems of Villages in the Hilly-Mountainous Areas of Prilep. Journal of Earth Science and Engineering, 3(8): 569-581 (ISSN 2159-581X).

13. Mitreva, E., Taskov, N., **Kitanov, V.,** Filiposki, O. & Boskov, T. (2013). Models of TQM Strategy in the World and the Need for Macedonian Model of Excellence. International Journal of Pure and Applied Sciences and Technology, 16(1): 69-79 (ISSN 2229-6107).

14. Mitreva, E., Taskov, N. **Kitanov, V.,** Filiposki, O. & Boskov, T. (2013). The Need for Information System Design in Building a House of Quality. International Journal of Pure and Applied Sciences and Technology, 16 (1): 26-33 (ISSN 2229-6107).

15. Mitreva, E., Jakovlev, Z., Koteski, C., **Kitanov, V.** & Angelkova, T. (2012). Analysis of the existing management system in Macedonian companies and the necessity of accepting the TQM philosophy. International Journal of Pure and Applied Sciences and Technology, 8(2): 54-63 (ISSN 2229-6107).

16. Mitreva, E., Jakovlev, Z., Koteski, C., **Kitanov, V.** & Angelkova, T. (2012). Should there be Redesign or Reengineering of the Business Process in Macedonian Companies. International Journal of Pure and Applied Sciences and Technology, 8(2): 64-70 (ISSN 2229-6107).

17. Stavreva Veselinovska, S., Kitanova, I. & **Kitanov, V.** (2009). Smart learning with smart board. Naucni skup - “Obrazovanie i usovrsavanje nastavnika”. p. 278-294, Ужице, (ISBN 978-86-80695-88-4).

**18.** **Kitanov, V.** (2009). Лесново - природна и културна дестинација за развој на руралниот туризам. Воспитание - списание за образовна теорија и практика, 10(6): 145-151 (ISSN 1857-5331).

Како поважни научноистражувачки трудови објавени во меѓународни научни публикации се издвојуваат:

19. Koteski, C., Jakovlev, Z., Mitreva, E., Angelkova, T., Bardarova, S. & **Kitanov, V.** (2014). Zastita i prezentacija na kulturnoto nasledstvo na op. Prilep za turisticki celi. In: 2nd International Conference on Cultural Heritage, Media and Tourism, 18-19 Jan 2014, Ohrid, Macedonia.

20. Koteski, C., Jakovlev, Z., Angelkova, T., Bardarova, S. & **Kitanov, V.** (2013). Fruit - growing and viticulture at the confluence of the Crna River (Black River) in Macedonia. In: Cultural corridor via diagonalis, cultural tourism without boundaries, Sofia-Belgrade, 03-06 Oct 2013, Sofija, Bulgaria; Belgrade, Serbia.

21. Koteski, C., Jakovlev, Z., Angelkova, T., Bardarova, S. & **Kitanov, V.** (2013). Grading and structure of the roads and their impact on the arrival of foreign tourists in Macedonia. In: Cultural corridor via diagonalis, cultural tourism without boundaries, Sofia-Belgrade, 03-06 Oct 2013, Sofija, Bulgaria; Belgrade, Serbia.
22. Jakovlev, Z., Koteski, C., Bardarova, S., Angelkova, T. & **Kitanov, V.** (2013). Financing effects and animation in tourism. In: XII International Scientific Conference for Service Sector, Faculty of Tourism and Hospitality, 3–5 Oct 2013, Ohrid, Macedonia.
23. Koteski, C., Jakovlev, Z., & **Kitanov, V.** (2013). Demographic and infrastructure problems of villages in the hilly - mountainous areas of Prilep. In: Scientific symposium with international participation: Demographic and infrastructure problems of villages in the hilly - mountainous areas of Prilep, 12-15 Sept 2013, Ohrid, Macedonia.
24. Koteski, C. & **Kitanov, V.** (2013). Structure of the road network and the impact on the development of tourism in the municipality Dojran. In: Scientific-Technical Forum theme: Tourism in Dojran Region, 20- April 2012, Dojran, R.Macedonia.
25. Mitreva, E., Jakovlev, Z., Koteski, C., Angelkova, T. & **Kitanov, V.** (2012). Applying the methodology of benchmarking strategy within the within the travel companies in the Former Yugoslav Republic of Macedonia. In: International Sientific Conference, Advances in Hospitality and Tourism Marketing &Management, Conference cd proceeding, ISBN: 978-960-287-139-3 , 31-05-03- June 2012, Corfu island - Greece.
26. Koteski, C., Jakovlev, Z., Mitreva, E., Angelkova, T. & **Kitanov, V.** (2012). The importance of hunting and hunting grounds for big and small game for tourism development in the basin of Crna Reka the Republic of Macedonia. In: Second International Conference Management of Tourism and Entertainment - MTE, 24-27 May, 2012, Ohrid, Macedonia.
27. Koteski, C., Jakovlev, Z., Mitreva, E., Angelkova, T. & **Kitanov, V.** (2012). Aspects of land and their distribution in Mariovo and Raječka Valley in Republic of Macedonia. In: XII Conference on biotechnology with 'international participation, 06-07 April 2012, Cacak, Serbia.
28. Mitreva, E., Jakovlev, Z., Koteski, C., **Kitanov, V.** & Angelkova, T. (2012). The stimulus for creativity of the employees in the travel companies in the Former Yugoslav Republic of Macedonia. In: International Scientific Congress on current trends in tourism Management and tourism policy, 15-16- February 2012, Athens, Greece.
29. Janakieva, E. & **Kitanov, V.** (2010). Формирование творческого подхода студентов к средствам экологического воспитания. In: Проблемы непрерывного экологического образования, 31 March 2010, Ekaterinburg, Russia.

Кандидатот д-р Китанов ги има објавено следните научно-стручни книги:

1. Котески, Ц. & **Китанов, В.** (2014). Практикум по предметот Сообраќај во туризмот (ISBN 978-608-244-026-2).
2. Котески, Ц. & **Китанов, В.** (2014). Скрипта по Сообраќај во туризмот (ISBN 978-608-244-025-5).
3. Петревска, Б. & **Китанов, В.** (2014). Практикум по промотивни активности (ISBN 978-608-244-098-9).
4. Јаковлев, З. & **Китанов, В.** (2013). Туристички вредности на Охрид. Втори август – Штип (ISBN 978-608-4662-09-9).
5. **Китанов, В.** (2010). Развој на руралниот туризам во регионот Малеш-Пијанец. Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Штип (ISBN 978-9989-2927-5-0).

Погоре наведените трудови од научноистражувачкиот опус на д-р Владимир Китанов во целост се достапни на линкот за трудови (е-репозиториум): http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Kitanov=3AVladimir=3A=3A.html

Кратка евалуација на четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации, како дел од законските услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент:

**Kitanov, V.** (2018). Cultural historical memories and objects and their nature on the economic development of rural tourism in the municipality of Berovo. *Knowledge - International Journal, Scientific and Applic*ative Papers, 26(6): 1649-1652 (ISSN 1857-923X).

Во овој труд авторот зборува за туризмот како гранка која зазема значајно место во глобалната економија, бидејќи со неговиот развој се подобруваат не само условите за престој на туристите, туку и условите за живеење на локалното население. Притоа се дадени информации за Македонија како мала земја по големина, но со изобилство на природни убавини кои овозможуваат развој на туризмот. Авторот дава осврт на тоа како потенцијалите не се доволно искористени за туристичка промоција на земјата во светот (особено источниот дел од земјата). Малкумина се запознаени со прекрасните локалитети, убавини и потенцијали на регионот Малеш -Пијанец, регион кој има потенцијал и капацитет за развој на туризмот, локални иницијативи, настани и манифестации кои можат да бидат препознатливи на локално, национално и интернационално ниво.

**Kitanov, V.** (2018). Promotion of tourism in Macedonia, chance for economic development of the state. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 23(1):353-357 (ISSN 1857-923X).

Во овој труд авторот го анализира туризмот како значаен показател на економската развиеност, достигнатиот стандард, материјалната благосостојба и културното ниво. Разработен е случајот на Македонија која има квалитетна и разновидна основа за развој на туризмот. Анализизрани се природните атрактивности, но и капацитетите, при што е констатирано дека може да се развиваат неколку видови туризам, особено ако се има предвид просторната разновидност на природниот потенцијал. Воедно, анализирано е транзитното подрачје на Македонија.

**Kitanov, V.** (2018). Socio-economic opportunities for development of rural tourism in the municipality of Berovo. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 23(1): 287-291 (ISSN 1857-923X).

Овој труд ги појаснува местоположбата на градот Берово и неговиот социо-економски статус во Македонија. Претставени се голем број студии и планирања направени во соработка со општината и невладиниот сектор. Акцентот е ставен на природната убавина на градот како прибежиште од секојдневната гужва и метеж од поголемите градови. Воедно, даден е и преглед за тоа на кој начин може да се зачува убавината, од една стана, но и да се инвестира во развој на градот и поширокиот регион. Трудот детално ги анализира економските придобивки кои би биле дел од новото планирање на општината, а воедно и на поширокиот регион.

**Kitanov, V.** (2018). Sustainable development in the Republic of Macedonia. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 22(1): 309-313 (ISSN 1857-923X).

Во овој труд акцент е ставен на одржливата економија. Авторот дава предлог како да се овозможи интеграцијата на економскиот, социјалниот и аспектот на животната средина во одржливиот развој, кој мора да биде инклузивен и зелен. Програмата ИМЕ е во целост образложена апострофирајќи многубројни предлози, од кои три сектори се доминантни: туризам и угостителство, креативни индустрии и зелена економија со голем потенцијал за раст и вработување. Преку овој труд авторот поставува проблематични актуелни ситуации, но воедно и нуди примамливи решенија за општините и нивни економски раст и развој.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатот д-р Владимир Китанов во својот професионален развој има учествувано на повеќе меѓународни научни конференции од областа на туризмот и економијата во туризмот, меѓу кои:

1. Scientific symposium with international participation “Problems and perspectives of the hilly-mountain areas”, 12-15. 09.2013, Ohrid, Macedonia.
2. XII International scientific conference on service sector, University “St. Kliment Ohridski” Bitola, 3-5 October, 2013.
3. XVIth International scientific conference “The power of knowledge”, 16 March, 2018,

Vrnjacka Banja, Serbija.

4. VI th International scientific conference "Contemporary education-condition, challenges and perspective, 11-12 May, Stip, Macedonia.
5. XVII International scientific conference "The power of knowledge", 24 May, 2018, Budva, Montenegro.
6. XVIII International scientific conference "The power of knowledge", 28 September, 2018, Greece.
7. XIX International scientific conference "The power of knowledge", 14 December, 2018, Bansko, Bulgaria.
8. XXI International scientific conference "The power of knowledge", 29 March, 2019, Vrnjacka Banja, Serbia.

Кандидатот поседува сертификат за владеење на англискиот јазик (Cambridge English Certificate).

Во периодот од 2011 до 2014 година, д-р Китанов како помлад асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика бил член на неколку уписни комисии, и тоа на уписната комисија за прием на документи и уписи на студенти на ФТБЛ во Штип за учебните 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација од единствениот пријавен кандидат д-р Владимир Китанов, Рецензентската комисија констатира дека д-р Владимир Китанов со своите наставни, научни, стручни и професионални квалитети ги исполнува условите предвидени со Законот за високо образование, како и Правилникот на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип за да биде избран во звање доцент, со следниот број поени од целокупната активност: (НО)=10; (НИ)=170; (САОР)=39, или вкупно 219 поени.

Рецензентската комисија има чест и особено задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, **кандидатот д-р Владимир Китанов да го избере во звање доцент од областа економика на туризам и угостителство** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Билјана Петревска, претседател, с.р.

Проф. д-р Марија Таковска, член, с.р.

Проф. д-р Златко Јаковлев, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ ЗА БОДУВАЊЕ НА Д-Р ВЛАДИМИР КИТАНОВ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност (НО)** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Избор во звање помлад асистент | 10 | | | | 10 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **10** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности (НИ)** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Научна книга: 31 и 32 | 2 | 10 | | | 20 |
| **4.** | Научен труд во меѓународно научно списание<br>Прв автор:<br>Трудови: I, ii, 1, 3, 4, 5, 6<br>Коавторство:<br>Трудови: 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14 | | | 7<br>8 | 9<br>3 | 63<br>24 |
| **5** | Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од научен собир:<br>Во земјава: 2, 17, 20, 21, 23, 24<br>Во странство: 15,18,19, 25, 26, 27 | 7 | 2 | 6 | 3 | 14<br>18 |
| **9** | Учество на научен собир со реферат во земјава и во странство:<br>Во земјава: 2, 17, 20, 21, 22, 23, 24<br>Во странство: 15, 18, 19, 16, 26, 27 | 7 | 1 | 6 | 2 | 7<br>12 |
| **10** | Одбранета докторска теза во странство | | | | 8 | 8 |
| **11** | Одбранета магистерска теза во земјава | | 4 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **170** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (САОР)** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Книга (скрипта, практикум): 28, 29, 30 | 3 | 10 | | | 30 |
| **5** | Труд во стручно научно популарно списание: 16 | 1 | 2 | | | 2 |
| **6** | Труд објавен во зборник на трудови на стручен собир: 22 | 1 | 2 | | | 2 |
| **27** | Член на универзитетски или владини тела:<br>Член на комисија за пријавување и упис на кандидати на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип | | | | | 5 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **39** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **219** |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРЕХРАНБЕНА ТЕХНОЛОГИЈА, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1302-125/9 донесена на 168. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, одржана на 18.6.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област *прехранбена технологија* на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- д-р Сања Костадиновиќ-Величковска, вонреден професор – претседател,
- д-р Виолета Иванова Петропулос, вонреден професор – член и
- д-р Дејан Методијески, вонреден професор – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 7.6.2019 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Георги Мичев.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет да му го поднесеме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Георги Асенов Мичев** е роден на 7 мај 1959 година во село Семчиново, округ Пазарџик, Република Бугарија. Основно образование и средно општотехничко образование завршува во Пазарџик, Република Бугарија, со континуиран одличен успех. Во учебната 1979/1980 година се запишува на Високиот институт за прехранбена индустрија во Пловдив, по специјалност технологија на микробиолошките и ферментациските производи на студиска програма 3 + 2, односно 10 семестри. Дипломира во мај 1984 година, стекнувајќи се со звање дипломиран инженер-технолог од областа на технологија на виното и високоалкохолни пијалаци.

Кандидатот д-р Георги Асенов Мичев во 1991 година на Катедрата по технологии на вино и високоалкохолни пијалаци при ВИХБП-Пловдив, Република Бугарија, денес Универзитет по хранителни технологии, успешно ја одбранува докторската дисертација со наслов „Избор на технологија за производство на нискоалкохолно квалитетно пенливо вино од јаболка” и се стекнува со научен степен доктор на технички науки.

Работното искуство на кандидатот е следно: од 1994 година до денес е извршен директор во Винска компанија „Долна Бања”; од 1985 до 1994 година е директор на Винзавод „Долна Бања” АПК Кирил Лазаров; од 1984 до 1985 година е главен технолог на термообработка на вина во „Винзавод” во Пазарџик.

Од неговото работење до сега има објавено повеќе научни трудови во меѓународни списанија, има одржано повеќе семинари и заштитено 13 патентирани иновации од кои девет во Република Бугарија, една во Австралија, една во Украина, една евроазиска и една во Словачка. Работел и како главен консултант во проекти на домашни и странски компании поврзани со производството на вино.

Од странски јазици, активно се користи со францускиот, рускиот, англискиот и македонскиот јазик.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

Кандидатот д-р Георги Мичев е доктор на технички науки. Во периодот 2013/2018 година е избран за насловен вонреден професор за наставно-научната област прехранбена технологија на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски билтен 110-А, октомври 2013 г.).

Кандидатот има објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Години на излегување на списанието** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Metodijeski, Dejan and **Micev, Georgi** (2018) | Comparative analysis of wine tourism in Macedonia and Bulgaria | International Journal Knowledge, 27. pp. 189-195. ISSN 1857-923X | 10 |
| 2 | Metodijeski, Dejan and **Micev, Georgi** (2018) | Sommelier education and certification: the case of Macedonia | International Journal Knowledge, 27. pp. 197-203. ISSN 1857-923X | 10 |
| 3 | Metodijeski, Dejan and Filiposki, Oliver and **Micev, Georgi** (2018) | Perfection in service and cuisine: review of Michelin star restaurants in Europe | 6th International Conference “Ohrid-Vodici, 2018”, 17-19 Jan 2018, Ohrid, Macedonia | 7 |
| 4 | Todorovic, Emilija and **Micev, Georgi** (2018) | Perspectives for the development of wine tourism in certain regions of Macedonia | International scientific and practical conference Bulgaria of regions, 19-21 Oct 2018, Plovdiv, Bulgaria | 2 |
| 5 | **Micev, Georgi** and Metodijeski, Dejan (2017) | Сомелиерство - стручна симбиоза меѓу кулинарскиот и винскиот туризам | Зборник на трудови од Втората меѓународна научно-стручна конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката“, 27 May 2017, Stip, Macedonia | 2 |

Трудовите кои се претставени погоре се уредно прикачени на платформата на електронскиот академски репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Micev=3AGeorgi=3A=3A.html

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Георги Асенов Мичев во учебната 2012/2013 година е ангажиран за извршување на настава од прв и втор циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип. На прв циклус студии по предметите Производство на вино (2+2+1) и Практична работа во винарска визба (2+2+1) на модулот Енологија, а на втор циклус по предметот Технологии за производство на вино (3+2+2) на студиската програма Енологија. На Факултетот за туризам и бизнис логистика Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, Мичев е ангажиран на прв циклус студии по предметот Сомелиерство, кој се изучува на насоките Гастрономија и исхрана и на Хотелско-ресторанска насока.

За потребите на наставата на Факултетот за туризам и бизнис логистика, д-р Георги

Мичев има издадено учебник по предметот Сомелиерство.

Исто така, кандидатот е рецензент на ракопис за потребите на наставата: „Процесна техника во винарството“ од авторот Ристо Кукутанов и „Микробиологија на вино“ од авторите д-р Илија Каров и д-р Фиданка Илиева. Имено, кандидатот со своите горенаведени активности покажува способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност.

Д-р Георги Мичев е учесник во проект под наслов „Обележување на препознатливи производи, локалитети, објекти, настани од значење за туризмот во Република Македонија“, реализиран на Факултетот за туризам и бизнис логистика, а финансиски поддржан од Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија во 2015 година.

Во периодот 2013-2018 година за кој се изготвува овој реферат, кандидатот има публикувано 8 труда во меѓународни списанија, зборници на научни и стручни трудови од конференции во земјава и во странство, како и научни и стручни книги и учебни помагала. Трудовите на кои е направена научната евалуација подолу се уредно прикачени на платформата на електронскиот академски репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и може да се пронајдат на следниов линк

http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Micev=3AGeorgi=3A=3A.html

***Објавени научни и стручни трудови во последните пет години***

***Научен труд објавен во меѓународни научни списанија и меѓународни научни публикации***

1. Metodijeski, Dejan and **Micev, Georgi** (2018) Comparative analysis of wine tourism in Macedonia and Bulgaria. International Journal Knowledge, 27. pp. 189-195. ISSN 1857-923X

http://eprints.ugd.edu.mk/21204/

Во трудот се дадени основни податоци за Бугарија и за Македонија, како што се: население, број на меѓународни туристи, туристичко право и закони за вино и промоција на винскиот туризам. Табеларно се прикажани владините тела одговорни за туризмот, а националните стратегии за развој на туризмот поврзани со винскиот туризам се користат за да се подготви компаративна анализа на две земји. Во трудот се истражуваат структурата, разликите и сличностите на винските региони и начинот на кој законодавството и туристичката политика ги одредуваат перспективите и насоките на развојот на винскиот туризам во Македонија и Бугарија.

2. Metodijeski, Dejan and **Micev, Georgi** (2018) Sommelier education and certification: the case of Macedonia. International Journal Knowledge, 27. pp. 197-203. ISSN 1857-923X

http://eprints.ugd.edu.mk/21205/

Предметот на овој труд е сомелиерското образование и сертификација во Македонија. Во трудот се дадени општите карактеристики и направено е дефинирање на сомелиерството, опфатен е историскиот развој на сомелиерството, објаснети се врските помеѓу сомелиерот и другите области како што се лозарството и енологијата, здравјето, културата и маркетингот. Образованието и сертифицирањето од страна на меѓународни сомелиерски организации, како и оние во Македонија се презентирани во текстот. За целите на трудот користена е методологија на истражување и секундарни извори на податоци, консултирајќи ја релевантната литература и анализирајќи ги програмите за обука на официјалните образовни и сомелиерски институции.

3. Metodijeski, Dejan and Filiposki, Oliver and **Micev, Georgi** (2018) Perfection in service and cuisine: review of Michelin star restaurants in Europe. In: 6th International Conference “Ohrid-Vodici, 2018”, 17-19 Jan 2018, Ohrid, Macedonia.

http://eprints.ugd.edu.mk/21166/

Во трудот се врши анализа на туристичките водичи како важно средство за информирање на туристите во светот. Како пример е земен туристичкиот водич Мишелин,

кој има традиција подолга од 100 години во презентирање на туристички релевантни податоци за оние кои патуваат. За потребите на трудот, направено е истражување на ресторанитe во Европа кои се вклучени во Мишелин водичот. Дадени се основните принципи на работење и категоризирање со Мишелин ѕвезди. Податоците се табеларно презентирани, а направена е анализа на менијата и понудата на храна и вино од страна на Мишелин ресторани во Будимпешта.

4. Todorovic, Emilija and **Micev, Georgi** (2018) Perspectives for the development of wine tourism in certain regions of Macedonia. In: International scientific and practical conference Bulgaria of regions, 19-21 Oct 2018, Plovdiv, Bulgaria. http://eprints.ugd.edu.mk/21136/

Во овој труд авторите прават осврт на можностите за развој на винскиот туризам во винските региони во Македонија. Истражувањата за потребите на трудот укажуваат на винскиот туризам, значењето на винската индустрија за туризмот и развојот на винскиот туризам во Македонија. Во трудот се опфатени трите вински региони во Македонија, направена е SWOT анализа, и презентирани се капацитетите на регионите за вински туризам преку вклучување во винските рути кои се актуелни во земјата.

5. **Micev, Georgi** and Metodijeski, Dejan (2017) Сомелиерство - стручна симбиоза меѓу кулинарскиот и винскиот туризам. In: Зборник на трудови од втората меѓународна научно-стручна конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката“, 27 May 2017, Stip, Macedonia.
http://eprints.ugd.edu.mk/18814/

Во овој труд ќе бидат дадени примери од сомелиерството и стручни насоки како сомелиерството придонесува во симбиозата меѓу кулинарскиот и винскиот туризам. Кулинарскиот туризам опфаќа широк спектар на активности кои се поврзани со храната. Од понуда на специфична и традиционална кујна, до организација на кулинарски натпревари и манифестации поврзани со храната, вклучување на туристите во набљудување или подготовка на јадењата и обука и друго. Винскиот туризам вклучува посета на винарии, дегустација и купување на вино, вински патишта, вински манифестации и др. Кулинарскиот и винскиот туризам во последните децении имаат голема перспектива за развој.

***Монографија или научна книга***

6. **Micev, Georgi** and Metodijeski, Dejan (2018) Сомелиерство. Универзитет „Гоце Делчев“, Штип. ISBN 978-608-244-558-8
http://eprints.ugd.edu.mk/21092/

Суштината на учебникот се содржи во четири главни делови. Првата глава, која е насловена *Дефинирање и развој на сомелиерството* опфаќа: дефинирање на сомелиерството, историски развој, меѓународни сомелиерски асоцијации, поврзаност на сомелиерството со останатите индустрии, опрема и инвентар за сомелиерство и организација и управување со визбата во ресторан. втората глава ги опфаќа поврзаноста на лозарството и сомелиерството. Во овој дел се претставени: поим и дефинирање на лозарството, историски развој на лозарството, фактори за одгледување на лоза, видови на лоза, начин на одгледување на лоза, одржување на лозата. Третата глава е посветена на винарството и сомелиерството. Овој дел го опфаќа истражувањето во кое се содржи материјалот поврзан со: дефинирање и историски развој на винарството, класично и индустриско винарство, технологии на производство на вино, микробиологија на вино, видови вина, вински региони во светот, вински региони во РС Македонија, категории на квалитет на вина, сензорна анализа на вино и законска рамка за винарство. Во четвртата глава се обработува материјата и поврзаноста на сомелиерството со угостителството и туризмот. Во овој дел се опфатени следните теми: туристичка индустрија, начини на подготвување и послужување на различна храна, пијалаци и пури, декантирање, дегустација

и послужување на вино, комбинирање на храна и вино, кулинарски туризам и развој на вински туризам преку винските патишта, музеи и манифестации.

7. Metodijeski, Dejan and Filiposki, Oliver and Cuculeski, Nikola and Taskov, Nako and **Micev, Georgi** and Dimovski, Cedomir and Todorovic, Emilija (2018) Гастрономски туризам – современи светски тенденции и перспективи за развој во Македонија. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-00-9

http://eprints.ugd.edu.mk/21093/

Книгата се однесува на суштината и објаснување на терминот гастрономски туризам, поврзаноста на гастрономијата и туризмот и храната и виното како основа за развој на овој вид туризам, историскиот развој на гастрономскиот туризам. Во книгата се обработуваат основните фактори за постоење и развој на гастрономскиот туризам. Материјалот ги опфаќа понудата и побарувачката на гастрономски туризам, гастрономските патеки, гастрономски манифестации и музеи, туристичката политика, законската регулатива, стратегиите за развој, невладиниот сектор, образовните институции, промоцијата на гастрономскиот туризам, пазарите на храна, заштитата на храна, поврзаноста на храната и религијата и гастрономските натпревари.

8. Metodijeski, Dejan and Filiposki, Oliver and Cuculeski, Nikola and Taskov, Nako and **Micev, Georgi** and Dimovski, Cedomir and Todorovic, Emilija (2018) Туристичко водење: специфики на алтернативните форми на туризам. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-01-6

http://eprints.ugd.edu.mk/21094/

Предмет на истражување на оваа книга е туристичкото водење и неговите аспекти поврзани со вински туризам, еко туризам, религиозен туризам, здравствен туризам, шопинг, крстарења, спортски туризам и ученички и апсолвентски екскурзии. Суштината на трудот се содржи во пет главни делови: дефинирање и објаснување на терминот туристичко водење, историскиот развој на туристичкото водење и критериумите за поделба на различните видови на водење на туристи; подготовка на говор за туристичко водење, карактеристиките на туристичкиот говор и дополнителните услуги во туристичкото водење; активностите на туристичкиот водич поврзани со туристичкото водење, како опфат и временска рамка на туристичкиот разглед, водење на различни видови на групи и водење на групи во странство; комуницирањето на туристичкиот водич со учесниците во туристичкото стопанство. Опишани се карактеристиките на различната комуникација која се користи при комуницирањето со туристите, како и методите на испитување на учесниците во туристичкиот разглед.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Георги Мичев активно учествува во организација на гастрономски, вински и студентски натпревари: претседател е на Комисија на судии за гастрономски натпревари и ресторанско работење во организација на Факултетот за туризам и бизнис логистика во Тренинг центарот Плачковица (презентација на вино и мени), како дел од Меѓународниот гастрономски фестивал „Cook & Serve 2018“; претседател е на Комисија на судии за гастрономски натпревари и ресторанско работење на Трет меѓународен гастрономски фестивал „Гастромак 2018“ одржан во Струмица; како и претседател на Комисија за дегустација на вина на „Skopje Wine Expo 2018“, одржан во Скопје.

Кандидатот д-р Георги Мичев, исто така, зема активно учество во домашни и меѓународни конференции. Член е на Програмскиот одбор на научно-стручната конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката“, во организација на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана во 2017 година.

Кандидатот е член на повеќе невладини тела, од кои ги споменуваме следните: претседател на Југозападната регионална дегустациона комисија Пирин; член на Бугарскиот

енолошки сојуз; почесен дипломат на Италијанската асоцијација на сомелиери; член на Бугарската асоцијација на сомелиери.

Кандидатката м-р Матеа Киселичка е родена на 15.7.1989 година во Скопје, каде што го завршува своето основно образование во ОУ „Владо Тасевски". Во периодот 1998 - 2004 г. паралелно со основното училиште ги посетува и часовите во Нижото државно балетско училиште „Илија Николовски - Луј", за во 2004 година да продолжи со средното балетско образование, каде што во 2008 година матурира со највисока оценка и добива диплома за талентирани ученици.

Во периодот 2010 - 2013 г. ги следи додипломските студии на Факултетот за применета музика, оддел Современ танц, при Универзитетот за аудиовизуелни уметности - ЕСРА, Скопје. Студиите ги завршува со средна оценка на успехот 9,88, со што го добива стручниот назив дипломиран современ танчер.

Во периодот 2015 - 2017 г. ги следи постдипломските студии на Факултетот за театарски уметности, студиска програма: сценски уметности, оддел: кореографија, при Универзитетот за аудиовизуелни уметности - ЕСРА, Скопје. Студиите ги завршува со просечна оценка 9,52 и добива стручен назив магистер по сценски уметности - современ танц. На 12 април 2017 година на сцената на Македонскиот народен театар го прикажува практичниот дел од магистерскиот труд, односно кореографското дело „Истиот извор", а на 27 септември 2017 година го брани теоретскиот дел од магистерскиот труд под наслов „Компаративен приказ на техниките на движење во боречките вештини во контекст на современиот танцов израз". Матеа поставува тема на истражување која се базира на техниката на боречката вештина нинџицу и нејзиниот сооднос со современиот танцов израз, оформувајќи еден нов сценски танцов вокабулар, кој ја збогатува современата танцова сцена во Македонија и ја поткрепува со теорија која ги опфаќа сите посочени делови на истиот труд.

Во текот на 2017 година ја презентира својата тема на истражување, на две танцови работилници во Скопје - едната дел од Интернационалниот фестивал „Танц фест» во април, а другата дел од „Младинскиот отворен театар» - МОТ во октомври, под наслов „Танцувачко нинџицу», а во август 2018 година Матеа одржува работилница за современ танц на „Battery Dance Festival“, Бродвеј, Њујорк, САД.

Дополнително образование:
11.2016 - 12.2016 г. - Интензивен курс за кореографи во Школото за нови танцови достигнувања во Академијата за театар и танц, Амстердам, Холандија.
10.2013 - 11.2013 г. - Лабан танцова конференција и работилница (програма за професори) во Новиот танцов центар, Хаг, Холандија.
11.2011 - 12.2011 г. - Стажант (современ танчар) во компанијата Scapino Ballet Rotterdam во Хаг, Холандија.
Работно искуство:
2017/денес - Стручен соработник на Катедрата за современ танц при Универзтетот „Гоце Делчев“ во Штип.
*Во областа на танцовите техники за современ танц, импровизација и композиција и класичен балет.*
2013/2017 - Асистент/демонстратор на вон. проф. д-р Рисима Рисимкин во програмата за современ танц и класичен балет на Скопје танцовата академија, на Универзитетот за аудиовизуелни уметности - ЕСРА.
6.2017 - 7.2017 / 6.2016 - 7.2016 / 6.2015 - 7.2015 - Гостин професор во Новиот танцов центар и Кралскиот конзерваториум во Хаг, Холандија.
*Предава Лабан танцов метод за деца и возрасни:* почетно, средно и напредно ниво.
2013/денес - Кореограф во Скопје танцовиот театар.
*Прва официјална компанија за современ танц во Македонија, основана во 2011 година. Уметнички директор: Рисима Рисимкин.*
2011/денес - Танчар во Скопје танцовиот театар.
2011/денес - Професор и кореограф во Рисимкин истражувачки центар, едукативен центар за танц за деца од 4-годишна возраст па нагоре.
*Предава:* класичен балет, креативен и современ танц.
*Кореографира:* кратки танцови дела и големи танцови продукции.
2008 - 2010 г. - Балетски уметник при Македонската опера и балет.
*Активен ансамблов балетски уметник во сите продукции, со три самостојни улоги:* Варијација во „Рајмонда», мала Клара во „Оревокршачка», Ластовичка и Ана во „Д-р Офболи».
Турнеи со Скопје танцовиот театар:
2018 – „Holland Dance Festival”, Хаг, Холандија.
2017 – „Maritime silk Road Festival”, Чуанџо, Кина.
2017 – „SHARE”, Меѓународен фестивал на танцови универзитети, Братислава, Словачка.
2015 – „Openstage”, проект помеѓу Скопје танцовиот театар и Новиот танцов центар, Хаг и Студиото за нови танци, Амстердам - во Хаг и Ротердам, Холандија.
2015 – „Meet in Beijing Festival”, Пекинг, Кина.
2013 – „ITS Festival”, Амстердам, Холандија.
2012 – „Саем на танцот”, Дизелдорф и Културбункер, Келн, Германија.
2011 – „Фестивал на современи танци и невербален театар”, Св. Винченто, Хрватска.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

Кандидтката м-р Матеа Киселичка има:
1. Диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен, односно магистерски студии од соодветната научна област на Факултетот за театарски уметности при Универзитетот ЕСРА, со стручен назив: магистер по сценски уметности

- современ танц. Завршува прв циклус на студии со средна оценка на успехот: 9,88 и втор циклус на студии со просечна оценка: 9,52.
2. Реализира повеќе современи танцови кореографии и објавува научноистражувачки труд под наслов „Компаративен приказ на техниките на движење во боречките вештини во контекст на современиот танцов израз” во соодветната област.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Место на изведба | Години на изведба |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Матеа Киселичка | „Без СТОП”, | Скопје,<br>РС Македонија | 2018 |
| 2. | Матеа Киселичка | „Истиот извор” | Чуанџо, Кина | 2017 |
| 3. | Матеа Киселичка | „Најди некој” | Братислава, Словачка | 2017 |
| 4. | Матеа Киселичка | „Создадени суштества” | Пекинг, Кина | 2015 |
| 5. | Матеа Киселичка | „Загреј го студот” | Амстердам, Холандија | 2013 |

3. Препораки од двајца професори од наставно-научната и уметничка област:
- Препорака од вон. проф. д-р Рисима Рисимкин, Македонија;
- Препорака од проф. Џоан ван дер Маст, Холандија.
4. Има остварено повеќе од минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО) =40, (НИ) =254, (САОР) = 33 или вкупно 327 поени.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

***Од доставената документација, м-р Матеа Киселичка ги има остварено следниве уметнички активности и научноистражувачка дејност:***

**Поставени кореографии во Скопје танцовиот театар**

Создадени кореографски дела:

2018 – „Чудаците”, премиерно изведено во „Кино култура“ на настанот „Европска диплома” (табела НИ-СУ реден број 6);

2018 – „Без СТОП”, претставено на МОТ, „Танц-фест“ - Скопје и Интернационалниот фестивал меѓу танцови универзитети „SHARE”, Скопје, Македонија (табела НИ-СУ реден број 6);

2017 – „Истиот извор” (практичниот дел од магистерската теза), премиера на „Танц-фест“ Скопје (2017), (табела НИ-СУ реден број 6);

2017 – „Истиот извор” (практичниот дел од магистерската теза), гостување на „Maritimesilk Road Festival” во Чуанџо, Кина (табела НИ-СУ реден број 6);

2017 – „Истиот извор” (практичниот дел од магистерската теза, гостување на “Maritimesilk Road Festival” (табела НИ-СУ реден број 6);

2016 – „Најди некој”, премиера на отворањето на „Танц-фест“ Скопје (2016) (табела НИ-СУ реден број 6);

2016 – „Најди некој”, гостување на Интернационалниот фестивал меѓу танцови универзитети „SHARE”, Братислава, Словачка (2017), (табела НИ-СУ реден број 6);

2015 – „Создадени суштества”, премиера на ТАНЦЛАБ - Интернационален натпревар на млади кореографи во Македонија (табела НИ-СУ реден број 6).

2015 – „Создадени суштества”, гостување на Фестивалот „Meetin Beijing” во Пекинг, Кина (табела НИ-СУ реден број 6);

2015 – „Создадени суштества”, гостување со проектот „Open Stage”, Хаг и Ротердам, Холандија (табела НИ-СУ реден број 6);

2014 – „Дел од мене”, премиера на „Танц-фест“ Скопје и ТАНЦЛАБ - Интернационален натпревар на млади кореографи во Македонија (табела НИ-СУ реден број 6);
2013 – „Отпор”, премиера на отворањето на Новиот танцов центар во Хаг, Холандија (табела НИ-СУ реден број 6);
2013 – „Загреј го студот”, премиера на „Танц-фест“ Скопје и „IT`SFestival“, Амстердам, Холандија (табела НИ-СУ реден број 6);
2012 – „Изгубено”, премиера на Македонските вечери во Њујорк, Америка (табела НИ-СУ реден број 6);
2017 – „Компаративен приказ на техниките на движење во боречките вештини во контекст на современиот танцов израз” - магистерски труд (табела НИ-СУ реден број 6).

**Настапи во танцовите продукции на Скопје танцов театар:**

2013 – 2018 - Кратки кореографии на студентите од Скопје танцовата академија и младите кореографи на Скопје танцовиот театар (табела НИ-СУ реден број 7);
2017 – „Котел», кореограф - Рисима Рисимкин (Македонија), (табела НИ-СУ реден број 7);
2016 – „Вир», кореограф - Чао Ке (Кина), (табела НИ-СУ реден број 7);
2016 – „Тишина на пчелите», кореограф - Џоан ван дер Маст (Холандија), (табела НИ-СУ реден број 7);
2015 – „Chiaroscuro», кореограф - Антонело Тудиско (Италија), (табела НИ-СУ реден број 7);
2015 – „Разнесени на мраз», кореограф - Џоан ван дер Маст (Холандија), (табела НИ-СУ реден број 7);
2015 – „СМС (сите мои слики...)», кореограф - Рисима Рисимкин (Македонија), (табела НИ-СУ реден број 7);
2014 – „Бах`н рол», кореограф - Џенис Бренер (САД), (табела НИ-СУ реден број 7);
2013 – „Потрага», кореограф - Џоан ван дер Маст (Холандија), (табела НИ-СУ реден број 7);
2013 – „Тековна иднина», кореограф - Тим Персент (Холандија), (табела НИ-СУ реден број 7);
2013 – „Во рајските полиња», кореограф - Рисима Рисимкин (Македонија), (табела НИ-СУ реден број 7);
2012 – „Човек во ходникот 2 и 4», кореографи - Нада Кокотовиќ и Рисима Рисимкин (Хрватска и Македонија), (табела НИ-СУ реден број 7);
2012 – „ОРЛАНДО», кореограф - Рисима Рисимкин (Македонија), (табела НИ-СУ реден број 7);
2011 – „Меѓусвет», кореограф - Рисима Рисимкин (Македонија), (табела НИ-СУ реден број 7);
2011 – „Импулс», кореографи - Кацура Кан (Јапонија), Марио Камачо, Нил Вердоорн (Холандија), (табела НИ-СУ реден број 7).

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

2012 г. – „Изгубено» (соло изведба), презентирана во „МЦ - галерија“ на церемонијата „Македонски вечери» во Њујорк, Соединети Американски Држави. Танчар и кореограф: Матеа Киселичка, поддржано од Министерство за култура на РСМ (табела СА-ОР реден број 7).
2008 г. - Танцува во современата танцова претстава под наслов „Куќата на Алба», кореограф: Рисима Рисимкин (табела СА-ОР реден број 7).
2017 г. - Учествува во проектот „Пријатели” со своето кореографско дело „Помеѓу” во Вонделпарк на „Отворениот театар”, Амстердам, Холандија (табела СА-ОР реден број 7).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

**М-р Матеа Киселичка е насловен доцент на Катедрата за современ танц при УГД во учебната година 2018-2019 г., а беше и стручен соработник на Катедрата за современ танц при УГД во учебната година 2017-20**18 г. Оваа задача ја извршува и во периодот од 2013 до 2017 година како асистент/демонстратор на вон. проф. д-р Рисима Рисимкин во Програмата за современ танц и класичен балет на Скопје танцовата академија при Универзитетот за аудиовизуелни уметности - ЕСРА, што значи дека како предавач во стручната област на универзитетско ниво има искуство од шест години. За време на извршување на овие активности, Матеа Киселичка како предавач покажува потребно знаење и создава добар однос во комуникацијата со студентите. Таа посветува големо внимание на своите предавања и создава индивидуален приод кон секој студент, со што им помага во совладување на зададената наставна програма, а воедно преку своето уметничко влијание им помага да се оформат како добри уметници и да развиваат сопствена експресија и стил.

Во својата повеќегодишна работна пракса, како предавач, но и танчар и кореограф, Киселичка покажува неоспорен талент во креациите и изведбите на современи танцови дела, квалитети, како предуслов за стекнување со неопходно предзнаење и искуство за да може понатаму да го пренесува на студентите. Покрај практичната работа, настапи и реализации на кореографски дела, Киселичка се занимава и со научноистражувачка дејност и го создава трудот *„Компаративен приказ на техниките на движење во боречките вештини во контекст на современиот танцов израз”* во кој се занимава со истражувања на техниката на движење во нинџицу техниката и современиот танц.

Врз основа на изнесените факти и податоци, му предлагаме на Наставно-научниот уметнички совет на Филмската академија при УГД - Штип да ја избере кандидатката м-р Матеа Киселичка во наставно-научно звање доцент за наставно- научната област современ танц на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Рисима Матевска-Мијановиќ, вонреден професор, Универзитет за аудиовизуелни уметности - ESRA, Скопје, претседател, с.р.**

**М-р Антонијо Китановски, редовен професор, Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член, с.р.**

**М-р Ангеле Михајловски, вонреден професор, Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ**

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 3X10=30 | 8X8=64 |
| 7 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 2X15=30 | / |
| 11 | Одбранет магистерски труд | 4X1=4 | |
| | **Вкупно 128 поени** | | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 7 | Пленарно предавање на стручен собир | / | 4X3=12 |
| | **Вкупно 12 поени** | | |

**Вкупно поени од НИ-СУ + СА-ОР = 140 поени**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА
ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СОВРЕМЕН ТАНЦ,
ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА , УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2502-54/7 од 2019 година донесена на седницата на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмската академија,одржана на 24.6.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *современ танц на* Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- академик Катица Ќулавкова, редовен професор - претседател;
- д-р Татјана Петковска, редовен професор на ФДУ по сценско движење (во пензија) – член;
- м-р Антонијо Китановски, редовен професор на УГД – член.

Конкурсот под бр. 2502–52/3 за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 3.6.2019 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката:

1. **д-р Рисима Рисимкин (Матевска Мијановиќ),** вонреден професор од наставно - научната област театрологија - современ танц на Универзитетот ЕСРА во Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, Рецензентската комисија констатираше дека се доставени сите потребни документи, согласно со објавениот Конкурс, поради што на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

**Д-р Рисима Рисимкин** е родена на 25.10.1963 година во Тетово. Основното образование и средното образование ги стекнува во Скопје. Додипломска настава на специјалноста балетска уметност – балетска педагогија, балетска режија и кореографија следи на Академијата за музичка и танцова уметност во Пловдив, Р. Бугарија, каде што се стекнува со диплома за завршени постдипломски студии (на 10.12.1999 г.). Оваа диплома е нострифицирана со Одлука на Министерството за образование и наука на Р Македонија од 9.4.2008 г., која признава стекнат академски степен магистер по балетска педагогија и балетска режија, односно звање балетски педагог – балет мајстор репетитор.

Со диплома за завршени докторски студии се стекнува на Филолошкиот факултет при УКИМ во Скопје, со докторска дисертација на тема „Компаративна поетика на современи танцови стилови на 20 век во Европа“ под менторство на академик Катица Ќулавкова, редовен професор на УКИМ.

Д-р Рисима Рисимкин своето стручно знаење го надградува на специјализација во Државниот театар „Шевченко“ во Киев, Советски Сојуз, во сезоната 1982/1983, како и во Кралскиот театар во Лондон, Велика Британија, во 1995 година.

Од октомври 2010 година, таа се посветува на наставно-научна дејност. Основач е на првата едукативна програма за современ танц на универзитетско ниво во нашата држава, под наслов Скопска академија за танц, како дел од Универзитетот ЕСРА, а во соработка со престижната Rotterdam Dance Academy од Холандија. Преку оваа програма за прв пат во Македонија се создаваат дипломирани современи танчари, воедно се оформува и нов наставнички кадар и млади кореографи. Оваа универзитетска програма од септември 2017 година се префрлува на Универзитетот „Гоце Делчев“, во рамките на Филмската академија, како Катедра за современ танц и е раководена од вонреден професор д-р Рисима Рисимкин. Звањето вонреден професор Рисимкин го стекнува на 16.6.2014 година на Универзитетот ЕСРА (за што кандидатката има доставено документ). Програмата на Катедрата за современ танц при УГД е единствена во земјава (и регионов), бидејќи создава дипломирани современи танчари.

Во последните десет години, Рисимкин има организирано повеќе научни и стручни работилници за современиот танц, од државен и од меѓународен карактер, а има приредено и специјални стручни публикации од истите. Таа објавува стручни текстови во списанија за танцовата уметност, а приредувач е на монографијата за Танц фест „Чудесниот свет на танцот" (2014), како и на зборниците: „На крилјата на танцот" (2010); „Нов танцов театар" (2011); „Патот на промените" (2012), монографијата „Скопје танцова академија – почетоците" (2013).

Докторската дисертација „Компаративна поетика на современи танцови стилови на 20 век во Европа" со успех ја брани во мај 2016 година, а веднаш потоа ги пишува учебниците „Историја на танц – 20 век", „Теорија на танц" и „Лабан анализа на движења" за потребите на студентите на програмата за современ танц.

Во последниве пет години вон. проф. д-р Рисимкин учествува на повеќе академски собири, научни конференции и симпозиуми во чиишто рамки одржува предавања за современата танцова сцена во Македонија. Учествува и на *мастер работилниците за современ танц*. Со трудот „Методологии на едукативниот процес и услови во Македонија" учествува на научниот конгрес за танц – публикација на ХТФ (Музички и танцов факултет), Братислава (2017).

Д-р Рисимкин има остварено неколку престои како визитинг професор во Кина: на Минзу универзитетот во Пекинг (2019), кога држи *мастер работилници за современ танц* на Пекиншката академија за танц (2017 и 2018), исто така со специјални *мастер работилници за современ танц* и на Конзерваториумот за музика, Ханџоу (2018), каде што држи повеќенеделни *мастер работилници за современ танц*. Освен тоа, таа има одржано и *мастер работилници за современ танц на „Holland Dance Festival"* во Хаг, Холандија (2018); *мастер работилници за современ танц* на „Battery Dance Festival", Бродвеј, Њујорк, САД (2018).

Таа била поканета во својство на професор и на *мастер работилниците за современ танц* на Интернационалниот фестивал за танц во Ксиан, Кина (2017); потоа на *мастер работилниците за современ танц* на Интернационалниот фестивал „Share" во Братислава, Словачка (2017), а била и уметнички координатор и професор на Летниот камп за современ танц во Јунан, Кина (2016) и уметнички координатор и професор на Летниот камп за современ танц во Шангси, Кина (2015).

Од 2017 г. до денес Рисимкин е ангажирана и како вонреден професор на Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип каде што на нејзина иницијатива се создава студиската програма по Современ танц акредитирана од Одборот за акредитација при Министерството за образование и наука на РС Македонија, програма на која бројни студенти успешно го усовршуваат своето знаење и го пласираат на бројни државни и меѓународни фестивали за современ танц.

Проф. Рисимкин била член на Жирито на Интернационалниот натпревар за танц во Истанбул, Турција (2016) и член на Жирито на Интернационалниот фестивал за танц во Ксиан, Кина (2017). Од 2016 година таа е член на Бордот на Танцовата унија помеѓу Кина и централна и југоисточна Европа, а во 2014 година е дел од европската делегација на презентација на кинеската танцова сцена во Пекинг, Шангај и Ксианг во Кина, во организација на Министерството за култура на НР Кина. Автор на повеќе од 30 кореографии, во последниве пет години на 10 самостојни авторски проекти/претстави/танцови перформанси во Македонија и странство: „Идентитети" (2019) со Скопје танцов театар; „Анима" со Скопје танцов театар, „Секвенци" во Конзеравториумт за музика во Гуанџо (Кина), „Егзистирање" со Скопје танцов театар и „Орландина" со Плесни театар Љубљана, Словенија (2018); „Котел" со Скопје танцов театар (2017); „Р.Е.М." со „ Nine Contemporary Dance" од Пекинг, Кина (2016); „СМС (сите мои слики)" со Скопје танцов театар (2015); „О(тело)" со Скопје танцов театар, на Млад отворен театар, Скопје (2014) и „Градина на душите" со Национален балет на Косово (2014).

Кореографиите на Рисима Рисимкин се изведувани во Њујорк, САД; Лондон (Велика Британија); Аркус (Данска); Лајпциг, Келн и Дизелдорф (Германија); Ротердам, Хаг и Амстердам (Холандија); Пекинг и Чуанџо (Кина); Солун (Грција); Лисабон (Португалија);

Нијамеј (Нигер); Санвинченто (Хрватска); Анталија, Турција; Љубљана, Словенија; Белград (Србија); Софија и Бургас (Бугарија); Подгорица (Црна Гора) и др. Таа е првиот македонски кореограф, чијашто матична институција е во Македонија, а работи како гостин-кореограф во Национална куќа во странство (како уметнички директор на Национален балет на Анталија и како гостин-кореограф во Националниот балет на Љубљана, како и државни танцови компании во Ротердам, Холандија и Пекинг, Кина). Таа е член е на ЦИД УНЕСКО (Париз, Франција), каде што во периодот 2005 – 2013 г. е член на Управниот одбор во Париз, во два последователни мандата.

Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор од областа на музичката уметност за стручно-уметничките предмети

1. Вонреден професор од научната област во која се избира со диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен.

Кандидатката проф. д-р Рисима Рисимкин е избрана во звањето вонреден професор по наставно-научната област театрологија – современ танц на Универзитетот ЕСРА во јуни 2014 година од страна на Наставно-научниот и уметнички совет. На Конкурсот таа има приложено диплома со научен степен доктор на филолошки науки, стекната на УКИМ во Скопје на тема „Компаративна поетика на современи танцови стилови на Европа во 20 век", како и дипломи за додипломска настава на специјалноста балетска уметност – балетска педагогија, балетска режија и кореографија на Академијата за музичка и танцова уметност во Пловдив, Р. Бугарија, каде што се стекнува и со диплома за завршени постдипломски студии (на 10.12.1999 г.). Оваа диплома е нострифицирана со Одлука на Министерството за образование и наука на Р Македонија од 9.4.2008 г., која признава стекнат академски степен магистер по балетска педагогија и балетска режија, односно звање балетски педагог – балет мајстор репетитор.

2. Изведба на осум авторски претстави (во земјава и во странство).

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Место на изведба | Години на изведба |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Рисима Рисимкин | „Секвенци" | Скопје, Р Македонија | 23.4.2019 |
| 2 | Рисима Рисимкин | „Идентитети" | Скопје, Р Македонија | 4.4.2019 |
| 3 | Рисима Рисимкин | „Анима" | Скопје, Р Македонија | 13.12.2018 |
| 3 | Рисима Рисимкин | „Орландина" | Љубљана, Словенија, | 4.4.2018 |
| 4 | Рисима Рисимкин | „Р.Е.М" | Хаг, Холандија, | 28.4.2017 |
| 5 | Рисима Рисимкин | „Р.Е.М." | Љубљана, Словенија, | 23.4. 2017 |
| 6 | Рисима Рисимкин | „Р.Е.М." | Пекинг, Кина | 30.8.2016 |
| 7 | Рисима Рисимкин | „СМС (сите мои слики)" | Скопје, Македонија | 14.4.2015 |
| 8 | Рисима Рисимкин | „Градина на душите" | Битола, Македонија | 24.4.2014 |

3. Под нејзино менторство се изработени дипломски или магистерски трудови
   Под менторство на проф. д-р Рисима Рисимкин се изработени 10 дипломски трудови и 1 магистерски труд.
4. Покажал способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност
   Во периодот меѓу двата избора, д-р Рисимкин има направено значаен придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници. Таа успешно изведува настава на додипломските студии за современ танц на Катедрата за современ танц при Филмската академија на УГД. Таа ги креира наставните програми за современ

танц при Филмската академија при УГД во Штип. Воедно, вонреден професор д-р Рисимкин е редовен професор-гостин на повеќе странски танцови академии во Европа и во Кина.

5. Има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници
   Дипломираните современи танчери од класата на проф. д-р Рисима Рисимкин веќе работат како наставници по современ танц, професионални танчари, дел од нив се стручни соработници и доценти на Катедрата за современ танц при УГД, во Полска, во Хрватска итн.
6. Има издаден универзитетски учебник или стручна книга или монографија или ЦД или ДВД.
   Проф. д-р Рисима Рисимкин има универзитетски учебници/скрипти за „Историја на танцот – 20 век“, „Теорија на танцот“ и „Лабан анализа на движење“.

   Проф.д-р Рисима Рисимкин е автор на монографија од областа на танцот, за 10 години јубилеј на фестивалот Танц фест – „Чудесниот свет на танцот“.
7. Има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветните единици на Универзитетот.
8. Има остварено повеќе од минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО) =40, (НИ) =254, (САОР) = 33 или вкупно 327 поени.

**Наставно-образовна дејност**

Проф. д-р Рисима Рисимкин е основач на првата едукативна програма за современ танц на универзитетско ниво во Македонија, во соработка со престижната Rotterdam Dance Academy во Холандија. Преку оваа програма, за прв пат во Македонија (и регионов) се создаваат дипломирани современи танчари на универзитетско ниво, воедно се оформува и нов наставнички кадар и млади кореографи. Во Македонија (и регионов) не постои друга едукативна програма на универзитетско ниво за создавање на дипломирани современи танчари.

Во јуни 2014 година, проф. д-р Рисима Рисимкин е избрана за вонреден професор по предметите за современ танц на Универзитеттот ЕСРА во Скопје. Претходно е избрана како доцент во 2009 година на истиот Универзитет. Од изборот во 2014 година, таа ги предава предметите: Современ танц, Импровизација и композиција, Историја на танц, Теорија на танц, Лабан анализа на движења, Класичен балет. На Катедрата за современ танц при УГД од 2017 година наваму ги предава предметите: Импровизација и композиција, Историја на танц, Теорија на танц и Лабан анализа на движења.

За додипломските студии за современ танц Рисимкин има изготвено учебници/скрипти за „Историја на танц”, „Теорија на танц“ и „Лабан анализа на движења“. Во периодот од 2014 до 2019 година, студентите од класата на проф. д-р Рисима Рисимкин настапија на повеќе целовечерни претстави, а дел од нив создаадоа и свои кореографии, во прилогот подолу наведени се настапите.

Настапи на студенти под менторство на проф. д-р Рисима Рисимкин, како кореографи во Македонија во периодот од 2014 до 2019 година*:*

1. 12.4.2014 – „Дел од мене” , кор. Матеа Киселичка, Танц фФест Скопје, МНТ;
2. 12.4.2014 – „32°“, кор. Адријана Данчевска, Танц фест Скопје, МНТ;
3. 12.4.2014 – „17°“, кор. Валентино Апостоловски, Танц фест Скопје, МНТ;
4. 12.4.2014 – „22°”, кор. Дора Кокољ, Танц Фест Скопје, МНТ;
5. 14.4.2014 – „Дел од мене”, кор. Матеа Киселичка, Танцлаб, МКЦ;
6. 14.4.2014 – „32°“, кор. Адријана Данчевска, Танцлаб, МКЦ;
7. 14.4.2014 – „17°“, кор. Валентино Апостоловски, Танцлаб, МКЦ;
8. 14.4.2014 – „22°”, кор. Дора Кокољ, Танц фест Скопје, МКЦ;
9. 15.4.2015 – „Создадени суштества“ , кор. Матеа Киселичка, Танцлаб, Народен театар Велес;
10. 15.4.2015 – „3(2М2)“, кор. Јакуб Мунко, Танцлаб, Народен театар Велес;
11. 15.4.2015 – „Жива на некое друго место“, кор. Адријана Данчевска, Танцлаб, Народен театар Велес;

12. 16.4.2015 – „Ambivalence“, кор. Валентино Апсотоловски, Танцлаб, Народен театар Велес;
13. 18.4.2015 – „3(2М2)“, кор. Јакуб Мунко, Танц фест, МОБ, Скопје;
14. 18.4.2015 – „Ambivalence“, кор. Валентино Апсотоловски, Танц фест, МОБ, Скопје;
15. 18.4.2015 – „Создадени суштества“ , кор. Матеа Киселичка, Танц фест, МОБ, Скопје;
16. 18.4.2015 – „Жива на некое друго место“, кор. Адријана Данчевска, Танц фест, МОБ, Скопје;
17. 25.10.2016 – „Најди некој“, кор. Матеа Киселичка, МКЦ, Скопје;
18. 25.10.2016 – „И јас ќе дојдам“, кор. Валентино Апсотоловски, МКЦ, Скопје;
19. 25.10.2016 – „Four“, кор. Адријана Данчевска, МКЦ, Скопје;
20. 12.4.2017- „Истиот извор“ , кор. Матеа Киселичка, Танц фест, Скопје, МНТ;
21. 12.4.2017 – „Погрешно“, кор. Адријана Данчевска, Танц фест Скопје, МНТ;
22. 31.5.2017 – „Азбука“, кор. Јакуб Мунко, МКЦ;
23. 31.5.2017 – „Јас и вие“, кор. Дејан Битровски;
24. 19.4.2018 – „Без стоп“ – (Without stop), кор. Матеа Киселичка, Дом на културата, Штип;
25. 4.4.2018 – „Д.О.Л.“, кор. Адријана Данчевска, Танц фест Скопје, МНТ.

Настапи во странство на студенти под менторство на проф. д-р Рисима Рисимкин, како кореографи во странство во периодот од 2014 до 2019 година

1. 26.5.2015 – „Создадени суштества“ (Createdbeings), кор. Матеа Киселичка на фестивалот „Средба во Пекинг“, Пекинг, Кина.
2. 26.5.2015 – „Alivesomewhereelse “, кор. Адирјана Данчевска на фестивалот „Средба во Пекинг“, Пекинг, Кина.
3. 26.5.2015 – „Седумнаесет степени“, кор. Валентино Апостоловски на фестивалот „Средба во Пекинг“, Пекинг, Кина.
4. 21/27.11.2015 – „Создадени суштества“ , кор. Матеа Киселичка, програма насловена „Open Stage“ во Хаг, Холандија.
5. 21/27.11.2015 – „Alivesomewhereelse“, кор. Адирјана Данчевска, програма насловена „Open Stage“ во Хаг, Холандија.
6. 21/27.11.2015 – „Седумнаесет степени“, кор. Валентино Апостоловски, програма насловена „Open Stage“ во Хаг, Холандија.
7. 28.11.2015 – „Создадени суштества“ , кор. Матеа Киселичка, програма насловена „Open Stage“ во Ротердам, Холандија.
8. 28.11.2015 – „Alivesomewhereelse“, кор. Адирјана Данчевска, програма насловена „Open Stage“ во Ротердам, Холандија.
9. 28.11.2015 – „Седумнаесет степени“, кор. Валентино Апостоловски, програма насловена „Open Stage“ во Ротердам, Холандија.
10. 17.2.2017 – „Wrong“, кор. Адријана Данчевска на Универзитетот за убави уметности во Цирих, Швајцарија.
11. 3.6.2017 – „Wrong“, кор. Адријана Данчевска на фестивалот „Share“ во Братислава, Словачка.
12. 3.6.2017 – „Најди некој“ – (Find someone), кор. Матеа Киселичка на фестивалот „Share“, во Братислава, Словачка.
13. 13.12.2017 – „Истиот извор“ (The same source), кор. Матеа Киселичка, фестивал „Maritime silk Road Festival“ во Чуанџо, Кина.

13.0.2017 – „Wrong“, кор. Адријана Данчевска на фестивалот „Maritime silk Road Festival“ во Чуанџо, Кина.

14. 9.2.2018 – „Wrong“, кор. Адријана Данчевска на фестивалот „Holland Dance Festival“ во Хаг, Холандија.
15. 9.2.2018 – „Истиот извор“ – (The same source), кор. Матеа Киселичка на фестивалот Holland Dance Festival во Хаг, Холандија.
16. 16.8.2018 – „Истиот извор“ – (The same source), кор. Матеа Киселичка на фестивалот „Battery Dance Festival“ во Њујорк, САД.
17. 8.6.2019 – „treshOut“, кор. Анастасија Данчевска и Дејан Битровски на фестивалот „Share“ во Братислава, Словачка.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Од февруари 2014 година до јуни 2019 година, проф. д-р Рисима Рисимкин има изведби на 10 целовечерни премиерни настапи на сопствени авторски дела- кореографии во странство и 6 настапи во Македонија, на признати светски фестивали и национални театри во Македонија.

***Пленарно предавање на научен собир, мастер работилници на унивезитети, учество на официјален концерт/настап (ред. бр. 6)***

1. 2019 – 17-25.5. Професор на *мастер работилници за современ танц* на Минзу универзитетот и учество на Меѓународна конференција за високо образование во областа на танцот, Пекинг, Кина.
2. 2018 – Професор на *мастер работилници за современ танц* на Пекингшката академија за танц, Кина.
3. 2018 - *Мастер работилници за современ танц* на Конзерваториумот за музика, Ханџоу, Кина.
4. 2018 - *Мастер работилници за современ танц на „Holland Dance Festival“* Хаг, Холандија.
5. 2018 - *Мастер работилници за современ танц* на „Battery Dance Festival“, Бродвеј, Њујорк, САД.
6. 2017 – Професор на *мастер работилници за современ танц* на Пекингшката академија за танц, Кина.
7. 2017 – *Мастер работилници за современ танц*, Интернационален фестивал „Share“ Братислава, Словачка.
8. 2016 – Уметнички координатор и професор на Летен камп за современ танц, Јунан, Кина.
9. 2015 – Уметнички координатор и професор на Летен камп за современ танц, Шангси, Кина.

*Учество на групни официјални настапи на проф. д-р Рисима Рисимкин, со авторски проекти во земјава и во странство:*

1. 8.6.2019 – „Егзистирање“ – Скопје танцов театар, Братислава, Словачка;
2. 18.4.2019 – „Фенси сме“ – Танц фест Скопје, Сектор, Скопје, Македонија;
3. 16.4.2019 – „Фенси сме“ – Танц фест Скопје, МНТ, Скопје, Македонија;
4. 27.10.2018 – „Егзистирање“ – Скопје танцов театар, Кина, Пекинг;
5. 16.8.2018 – „Котел“ – Скопје танцов театар, Њујорк, САД;
6. 19.4.2018 – „Егзистирање“ – Скопје танцов театар, Штип, Македонија;
7. 16.8.2018 – „Егзистирање“ – Скопје танцов театар, Скопје, Македонија;
8. 8.2.2018 – „Котел“ – Скопје танцов театар, Хаг, Холандија;
9. 13.12.2017 – „Котел“ – Скопје танцов театар, Кутурен центар Чуанџо, Кина;
10. 11.12.2017 – „Котел“ – Скопје танцов театар,Јингјанг ГОТ, Чуанџо, Кина;
11. 10.5.2017 – „Котел“ – Скопје танцов театар, Штип, Македонија;
12. 23.4.2017 – „Котел“ – Скопје танцов театар, Велес, Македонија;
13. 12.4.2017 – „Котел“ – Скопје танцов театар, Скопје, Македонија;
14. 28.10.2016 – „Важни нешта“ – Народен театар Велес, Македонија.

***Одбранета докторска теза (ред. бр. 10)***

Докторска дисертација „Компаративна поетика на современи танцови стилови на Европа во 20 век“ , УКИМ во Скопје.

***Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал (ред. бр. 19)***

2017 г. – Член на Жири на Интернационалниот фестивал за танц во Ксиан, Кина;
2016 г. – Член на Жири на Интернационалниот фестивал за танц во Истанбул, Турција;
2016 г. – Член на Бордот на Танцова унија помеѓу Кина и централна и југоисточна Европа;
2014 г. – Претставник од Македонија на презентација на кинеска танцова сцена, Пекинг, Шангај, Ксианг, НР Кина.

***Самостојни авторски претстави и настапи на проф. д-р Рисима Рисимкин во земјава и во странство во периодот од 2014 до 2019 година (ред. бр. 24):***

1. 23.4.2019 – „Секвенци“ – ЗЈЦМ, Скопје, Македонија;
2. 4.4.2019 – „Идентитети“ – Скопје танцов театар, Скопје, Македонија;
3. 13.12.2018 – „Анима“ – Скопје танцов театар, Скопје, Македонија;
4. 23.10.2018 – „Секвенци“ – ЗЈЦМ, Гуанџо, Кина;
5. 4.4.2018 – „Орландина“ – Плесни театар Љубљана, Скопје, Македонија;
6. 23.3.2018 – „Орландина“ – Плесни театар Љубљана, Љубљана, Словенија;
7. 28.4.2017 –„Р.Е.М“ – Nine Contemporary Dance Company, Хаг, Холандија;
8. 23.4.2017 – „Р.Е.М.“ Nine Contemporary Dance Company, Љубљана, Словенија;
9. 20.4.2017 – „Р.Е.М.“ – Nine Contemporary Dance Company, Скопје, Македонија;
10. 30.8.2016 – „Р.Е.М.“ – Nine Contemporary Dance Company, Пекинг, Кина;
11. 25.5.2015 – „СМС (сите мои слики)“ – Танц фест Скопје, Пекинг, Кина;
12. 17.4.2015 – „СМС (сите мои слики)“ – Танц фест Скопје, Велес, Македонија;
13. 14.4.2015 – „СМС (сите мои слики)“ – Танц фест Скопје, Скопје, Македонија;
14. 21.09.2014 – „О(тело)“ – Скопје танцов театар, МОТ, Скопје, Македонија;
15. 24.4.2014 – „Градина на душите“ – Национален балет Косово, Битола, Македонија;
16. 6.3.2014 – „Градина на душите“ – Национален балет Косово, Приштина, Косово.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во периодот од 2014 до 2019 година Рисимкин има создадено 10 авторски проекти, со поддршка на Минстерството за култура. Овие дела се изведувани низ земјава и во странство. Воедно, таа својата стручно-апликативна дејност ја остварува како ментор и супервизор на кореографски дела на нејзините студенти, како и на настапи со студентите низ Македонија и гостувања во странство. Во 2017 година Рисимкин учествува со трудот „Методологии на едукативниот процес и услови во Македонија“ на научниот конгрес за танц, од кој е издадена печатена публикација на ХТФ (Музички и танцов факултет) во Братислава, Словачка. Рисимкин ги објавува делата „Теорија на танцот“ (2017), учебник за втора година на студентите при УГД; „Историја на современ танц – 20 век“ (2016), учебник за прва година на студентите при УГД и прирачникот „Лабан анализа на движење“ (2016), учебник за прва година на студентите при УГД. Д-р Рисимкин е уредник на монографијата за Јубилејот 10 години Танц фест, под наслов „Чудесниот свет на танцот“ (2014) во издание на Интерарт културен центар. Од 2017 година Рисимкин ја води Катедрата за современ танц при УГД, за којашто ја создава комплетната програма за акредитација на истата и пишува неопходни учебници за теориите на танцот, кои студентите активно ги користат во својата едукација. Претстедател е на комисиите за приемни испити и член на комисиите за завршни испити на Катедрата за совремн танц при УГД.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 31 од 16 мај 2014 г.), како и по подробното разгледување на доставената документација наведена во Конкурсот, Рецензентската комисија констатираше дека кандидатката вонреден професор д-р Рисима Рисимкин ги има остварено потребните поени кои се однесуваат на наставно-образовната дејност, научноистражувачката дејност и стручно-уметничките активности, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност или вкупно 327 поени (НО+НИ+САОР = 40+254+33 = 327) од неопходниот минимум од 100 поени.

Преку анализата и оценката на сите наведени постигнувања во периодот од февруари 2014 година до денес (јули 2019 г.), д-р Рисима Рисимкин остварува континуиран развој и постигнува значајни резултати во нејзините наставни области.

Имајќи ја предвид наведената аргументација, чест ни е, како членови на Рецензентската комисија, да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмската академија да ја избере кандидатката д-р Рисима Рисимкин во наставно-научното звање *редовен професор за наставно-научната област современ танц* на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Академик Катица Ќулавкова - редовенпрофесор, претседател, с.р.**

**Д-р Татјана Петковска, редовен професор на ФДУ (во пензија), член, с.р.**

**М-р Антонио Китановски, редовен професор на УГД, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ЗА КАНДИДАТКАТА Д-Р РИСИМА РИСИМКИН**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Наставно образовна дејност** | Поени | | | | |
| | | во земјава | | во странство | | Вкупно |
| | | Бр. | Поени | Бр. | Поени | |
| Ред бр. | Избор во звање вонреден професор | | 40 | | | 40 |
| | Вкупно | | | | | 40 |
| | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
| | | во земјава | | во странство | | Вкупно |
| Ред бр. | | Бр. | Поени | Бр. | Поени | |
| 6. | Пленарно предавање на научен собир, мастер работилници на univезитети, настапи на официјални концерти/ претстави | 8 x 3 | 24 | 15 x 6 | 90 | 114 |
| 10. | Одбранета докторска теза | 1 x 8 | 8 | | | 8 |
| 19. | Член на научен одбор/фестивал | | | 4 X 2 | 8 | 8 |
| 24. | Самостојни настапи со авторски дела | 9 x 6 | 54 | 7 x 10 | 70 | 124 |
| | Вкупно | | | | | 254 |
| | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | | | | |
| Ред бр. | | во земјава | | во странство | | Вкупно |
| | | Бр. | Поени | Бр. | Поени | |
| 1. | Книга/учебник | 3 x 10 | 30 | | | 30 |
| 6. | Труд објавен во зборник трудови на стручен собир | | | 1 | 3 | 3 |
| | Вкупно | | | | | 33 |
| | **Вкупно поени од сите области** | | | | | **327** |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА УЧЕБНИК
„АДМИНИСТРАТИВНО ПРАВО И АДМИНИСТРАТИВНА ПОСТАПКА"
ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р ЈАДРАНКА ДЕНКОВА,
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1102-119/20 од 5.9.2019 година од редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 3.9.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Јован Ананиев, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип,
- проф. д-р Панде Лазаревски, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„АДМИНИСТРАТИВНО ПРАВО И АДМИНИСТРАТИВНА ПОСТАПКА "** од вон. проф. д-р Јадранка Денкова, наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Општи податоци за ракописот:** Како рецензентска комисија сакаме да го истакнеме нашето задоволство за искажаната доверба да го рецензираме учебникот „Административно право и административна постапка", наменет за студентите на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев", напишан од предметниот професор вон. проф. д-р Јадранка Денкова. Воедно, изразуваме честитки за вложениот исклучителен труд на авторот за опфатот и систематичноста што побудува колегијален респект за постигнатиот фасцинантен академски квалитет на трудот.

Предметот Административно право и административна постапка е акредитиран на студиската програма Правни студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Предметот е задолжителен и се слуша во втора година, во IV семестар, со фонд на часови е 3+2+1 со 8 кредити. Учебникот е изработен во согласност со предложената наставна програма по истоимениот предмет и истиот ќе овозможи студентите да се стекнат со потребното теоретско и практично знаење поврзано со административното право и административната постапка.

Целта на овој учебник е да даде опфат на сите сегменти што се значајни за административното право и административната постапка, кои на јасен и практичен начин ќе им ги приближат на студентите улогата и значењето на оваа правна дисциплина како нераскинлив дел од целокупниот правен систем.

Целта на учебникот е студентите да се стекнат со основни познавања за улогата и значењето на административното право во еден административен систем, како и улогата и значењето на административните службеници како главни субјекти во тој систем.

Акцентот на учебникот е да се претстави административното право преку начините на организирање на администрацијата, функцијата на администрацијата, административните органи и тела, административните акти, личниот статус на граѓаните па сè до контролата на работењето на административните органи, одговорноста, аспектите на службеничкиот систем на администрацијата, со заокружување на конкретните административни/управни дејства содржани во управната постапка.

Објаснети се и принципите на работење на администрацијата во европските земји чиишто правила се унифицирани во Европскиот кодекс за добро административно однесување.Учебникот опфаќа содржини поврзани со административното право во некои европски земји, САД и Република Северна Македонија. Опфатени се административните органи во локалната самоуправа во некои европски земји, САД и Република Северна Македонија, нивните специфики, како и одговорноста на администрацијата.

Содржината во учебникот има поставено јасна цел студентите да го разберат значењето на административното право, институтите на административното право, изворите на административното право предметот, целите, а особено начинот на функционирање на администрацијата, за да можат како идни граѓани и вработени лица да се вклучат во процесите на фунционирањето на администрацијата, како административни службеници, учесници во управни дејства или како надзорни органи на функционирање на администрацијата.

Особено придонесот за студентите е во осознавање на правните норми кои се однесуваат на фунционирањето на административните државни органи, односно извршувањето на административните предмети насочени кон остварување на интересите на граѓаните, а притоа се води сметка да се заштити јавиот интерес.

Преку осознавање на управно-процесните правила при преземањето на управно-правни дејства, претставени како основни начела во управната постапката што се задолжителни за утврдување на матријалната вистина, студентите ќе добијат знаење како самостојно, одговорно и законски се донесуваат управните акти, нивното извршување и можноста за користење на вонредните правни средства како дополнителни правни лекови за остварување на правата на граѓаните и донесување на законите акти кои нема да бидат на штета на граѓаните.

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебникот „Административно право и административна постапка“ е во обем од 392 страници во А4 формат, со што обемот и содржината ги задоволуваат барањата за соодветност на содржината во согласност со бројот на часовите предвидени за овој предмет. Текстот е изработен во согласност со правилата предвидени со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачкаа дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебник по административно право е објавуван на други универзитети, а разликата е што овој учебник покрај административното право ја проучува и административната постапка што го прави неминовно обемен. Во учебникот се консултирани и досегашните искуства објавени во други учебници по административно право, што само го подобрува неговиот квалитет да даде значаен придонес во образовната програма чија цел е здобивање теоретско и практично знаење за административно право и административна постапка.

**Краток опис на содржината:** Содржината во учебникот претставува оригинално дело што се заснова на бројни научни истражувања и пристапи, соодветни практични примери, законски и подзаконски акти и други релевантни документи, компаративни искуства, како и други информации и показателимод значење за поопсежно презентирање на административното право и административната постапка.

Учебникот „Административно право и административна постапка“ го сочинуваат седум поглавја.

Во првото поглавје се содржани шест целини кои го опфаќаат:
- Предметот на административното право,
- Изворите на административното право,

- Значењето и основните поими на административното право,
- Функцијата на администрацијата и
- Дејноста на државните органи.

Во второто поглавје се содржани единаесет дела во кои се опфатени:
- Видовите административните/државни органи,
- Административните органи во Република Северна Македонија,
- Административните органи во европските земји и САД,
- Внатрешната организација на државните органи,
- Органите надлежни за остварување на функцијата на администрацијата,
- Јавните установи,
- Локалната самоуправа во Република Северна Македонија и
- Локалните органи во САД и европските земји.

Третото поглавје е организирано во три дела:
- Принципите на организација на администрацијата,
- Реалниот, територијалниот и персоналниот принцип и
- Организација на администрацијата во европските земји.

Четвртото поглавје содржи седум целини и истите се однесуваат на:
- Службеничкиот систем,
- Принципите на службеничкиот систем,
- Вработувањето на администрацијата,
- Унапредување на административните службеници,
- Стручно усовршување на административните службеници,
- Управување со учинокот на административните службеници, процесот на оценувањето на администрацијата,
- Општи начела на вработените во јавниот сектор и
- Принципите за вработените во јавниот сектор.

Во четвртото поглавје се содржани 12 дела, кои се однесуваат на:
- Одговорноста во административните органи,
- Политичката одговорност во европските земји, САД и Република Северна Македонија,
- Административната одговорност,
- Дисциплинската и материјалната одговорност,
- Надзорот и контролата на административните органи,
- Репресивниот и инспекцискиот надзор,
- Судската контрола над администрацијата и
- Народниот правобранител.

Во петтото поглавје има два дела кои ги анализираат административните акти:
- Видовите административни акти,
- Административните договори.

Во шестото поглавје се содржани три целини кои го опфаќаат:
- Личниот статус на граѓаните,
- Матичните евиденции,
- Државјанството - начините на стекнување и престанок на државјанство,
- Патните исправи и видови патни исправи.

Седмото поглавје се состои од 18 дела кои се однесуваат на:
- Управната постапка,
- Европскиот кодекс на добро административно однесување,
- Видовите управни постапки,
- Начелата во управната постапка,
- Надлежноста во постапката,
- Иземањето во управната постапка,
- Управната соработка,
- Странките во постапката,
- Комуникацијата помеѓу јавните органи и странките,
- Роковите во постапката,

- Враќање во поранешна состојба,
- Поведување на постапката,
- Доказните средства во постапката,
- Трошоци во управната постапка,
- Известување и достава во постапката,
- Управни дејства,
- Редовни правни лекови,
- Вонредни случаи на укинување и поништување управни акти и
- Извршување во постапката.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија го дава следниов

**ЗАКЛУЧОК**

Учебникот „Административно право и административна постапка“ од вон. проф. д-р Јадранка Денкова претставува самостојно дело што ги задоволува критериумите за учебно помагало со теоретски и практичен приказ, што ќе овозможи студентите на јасен начин да се стекнат со знаење од областа на административното право и административната постапка.

Цениме дека учебникот ќе даде придонес во образовниот процесот, имајќи ја предвид опфатноста на стручни и научни сегменти поврзани со административното право и административната постапка.

Затоа имаме чест позитивно да го оцениме предложениот учебник „Административно право и административна постапка“ од вон. проф. д-р Јадранка Денкова и предлагаме Наставно-научниот совет да ја прифати рецензијата за учебникот и да продолжи со понатамошна постапка за негово објавување.

**Рецензенти**

**Проф. д-р Јован Ананиев, с.р.**

**Проф. д-р Панде Лазаревски, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА УЧЕБНИК „ОСНОВИ НА МЕНАЏМЕНТ”
ОД ПРОФ. Д-Р МИМОЗА СЕРАФИМОВА,
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА,
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. **2102-164/8** од 201. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 22.5.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Костадин Петковски, редовен професор на Технички факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола,
- д-р Радмил Поленаковиќ, Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот учебник „**ОСНОВИ НА МЕНАЏМЕНТ**” од **проф. д-р Мимоза Серафимова,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „**ОСНОВИ НА МЕНАЏМЕНТ**” е наменет првенствено за студентите на Факултет за туризам и бизнис логистика како основна литература при реализација на наставната програма по задолжителниот предмет Основи на менаџмент (I семестар, број на часови 2+2+1) на насоките: Бизнис логистика и Бизнис администрација, но може да се користи и пошироко. Ракописот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите на прв циклус студии и е подготвен за да овозможи полесно совладување на материјата, разбирање на посложените поими и поврзување на теоретските и методолошките концепти.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на А4 формат, нормален проред, фонт Arial, со македонска поддршка, големина на буквите 11 и има вкупно 302 страници. Предложениот обем и содржина ги задоволуваат критериумите според предвидениот број на часови (3+2) и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според наши сознанија, ваков ракопис кој ќе служи како учебник по предметот Основи на менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Учебникот е напишан на оригинален начин, со јасен и разбирлив јазик. Методолошки е структуриран во 11 глави, при што секоја глава претставува посебна целина во согласност со наставната програма по предметот Основи на менаџмент. Секоја глава започнува со краток преглед на содржината која е разработена во таа глава. Воедно, поставени се целите на учење кои треба да ги постигнат студентите преку совладување на задачите. На крајот од секој дел се дадени прашања за дискусија кои им овозможуваат на студентите да проверат дали целосно ја разбрале наставната материја.

Учебникот „Основи на менаџмент“, според својата содржина и структура, ги опфаќа најважните принципи, процеси и концепти кои се во основата на современиот менаџмент како наука, практика, уметност и вештина. Учебникот се состои од шест дела:

Првиот дел е составен од неколку тематски целини: 1. *Менаџмент и менаџери*, која ги објаснува основите и поделбата на менаџментот и менаџерите, 2. *Еволуција на менаџментот* како практика и наука со посебен фокус на развојот на менаџментот во различни временски периоди и различни школи;

Во вториот дел се презентирани: 3. *Основите на планирањето* и неговата важност за процесот на менаџирање на организациите и 4. *Одлучување*, која се објаснува како процес од клучно значење за деловното работење, неговите стилови и начини за избор на вистинска одлука.

Третиот дел ги опфаќа тематските целини за 5. *Организација* и дизајнирање организациска структура и нејзините модели како битен предуслов за успешно работење и 6. *Управувањето со човечки ресурси* како столб за ефикасното функционирање на процесот на бизнис работењето преку процесите на нивно планирање, регрутирање, селекција, развој и евалуирање на нивниот учинок.

Четвртиот дел се однесува на основните прашања на лидерската функција: 7. *Комуникација и комуницирање*, каде што фокусот е на значењето на видот и протокот на информации, 8. М*отивација*, во која целина се разгледуваат теоретските аспекти на мотивацијата како процес, 9. *Управување со организациските групи*, нивните карактеристики, улога и факторите за конфликтите кои се појавуваат. Следната, 10 тематска целина се однесува на *Лидерството* во која низ преглед на теорија се објаснуваат особините на лидерите и видовите лидерство.

Во петтиот дел е 11. К*онтролата* и контролирањето како функција на менаџментот, со фокус на процесот, стандардите, видовите и аспектите на најзината ефикасност.

На почетокот од секоја тематска целина се наоѓа основната содржина.

Вредноста на учебникот е подобрена со нагласување на важните аспекти на почетокот на секоја тематска целина, а на крајот се дадени прашања за дискусија и вежби.

## ЗАКЛУЧОК

Авторот покажува стручно и научно познавање на третираната проблематика која е систематично презентирана во ракописот. Начинот на појаснување на решавање на задачите е јасен и пристапен. Оттука, концизното и експлицитното презентирање на оваа проблематика дава можност за користење на овој материјал не само за студентите од Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, туку и пошироко.

**Рецензенти**

**Д-р Константин Петковски, редовен професор, с.р.**

**Д-р Радмил Поленаковиќ, редовен професор, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО КЛАВИШНИ ИНСТРУМЕНТИ 1” ОД ПРОФ. Д-Р МИЛИЦА ШКАРИЌ, МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачкаа дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1402-87/10 од редовната седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија, одржана на 3.9.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Емилија Потевска-Попивода, Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,
- проф. д-р Татјана Џорлева, Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО КЛАВИШНИ ИНСТРУМЕНТИ 1”** од проф. д-р Милица Шкариќ, наменет за студентите на прв циклус студии на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Музичката академија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Општи податоци за ракописот:** Е-учебникот со наслов „Методика на наставата по клавишни инструменти 1“ е наменет за истоимениот предмет кој се изучува во V семестар на Одделот за пијано, со неделен фонд на часови 2+1+1, со 4 ЕКТС. Учебникот е во согласност со наставната програма и целосно ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебникот се состои од 23 тематски целини претставени на 220 страници текст, со 155 слики од кои поголемиот дел содржат музичка пренотација и 110 музички примери со нотен текст неопходни за практично осознавање на материјата. Обемот на ракописот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, ваков е-учебник, по обем и содржина, којшто соодветствува на Наставната програма по предметот Методика на наставата по клавишни инструменти 1 на Музичката академија при УГД не е објавен ниту во земјава, ниту во странство. Со тоа се потврдува реалната потреба за публикување на учебник за изучување на овој предмет.

**Краток опис на содржината:** Учебникот во ракопис е напишан во разбирлив стил. Текстуалните музички информации се дообјаснети со многубројни нотни примери.

Ракописот е презентиран со предговор, 23 тематски наслови и користена литература со сите наведени извори од странски и домашни автори.

Првиот тематски наслов – *Музичко образовни модели од Далкроз, Орф, Кодај и Сузуки* ги опфаќа детално музичките модели на образование од наведените автори со сите нивни придонеси во музичката педагогија. Вториот тематски наслов *Почетна настава по пијано за деца од предучилишна возраст* ги презентира накратко методите по пијано и сознанијата за оваа возраст од автори од САД, Германија, Јапонија и Франција. Третиот

тематски наслов *Шиничи Сузуки: Сузуки метод по пијано* го претставува овој јапонски метод по пијано за деца од предучилишна возраст. Четвртиот тематски наслов *Питер Хајлбут: Свирење пијано на рана возраст, Педагошки прирачник за практиката* ги опфаќа точките за импровизација кои може да се употребуваат кај децата почетници по пијано од предучилишна возраст.

Овие точки на импровизација се исклучително важни во наставата по пијано за оваа возраст. Петтиот тематски наслов *Клаус Рунце: Две раце – дванаесет клавиши* го опфаќа детално овој германски метод по пијано за деца од предучилишна возраст со сите негови придонеси во наставата по пијано. Шестиот тематски наслов *Бетина Шведхелм: Свирење на пијано со глушецот* го претставува детално овој метод по пијано, кој е еден од највлијателните германски современи методи за деца од предучилишна возраст. Седмиот тематски наслов *Стивен Ковело: Мала авангарда* го опфаќа еден од најоригиналните пијано методи на 20 век за деца од предучилишна возраст. Осмиот тематски наслов *Џамила Ласкри и Кристин Папазјан: Го изучувам пијаното* го претставува францускиот метод по пијано наменет за деца од предучилишна возраст.

Деветтиот тематски наслов *Почетна настава по пијано за деца од училишна возраст* ги претставува карактеристиките на децата на 7 и 8 годишна возраст, популација која ја сочинуваат најбројните почетници по пијано. Десеттиот тематски наслов *Учење на читање на нотното писмо во почетните методи по пијано за деца од училишна возраст* ги опфаќа трите разни пристапи на читање на нотното писмо кои може да се сретнат во почетни методи по пијано од разни странски автори. Во единаесеттиот тематски наслов *Модифицирани и еклектички пристапи* се опишани пристапите кои содржат во себе разни пристапи. Во дванаесеттиот тематски наслов *Учење на ритамот* се опфатени начините на совладувањето ритам кај почетниците. Во тринаесеттиот тематски наслов *Поставување на раката на почетникот* е претставено како да се постави раката уште на почеток и кои прсти се носечки во шаката.

Во четиринаесеттиот тематски наслов *Почетни методи за пијано за деца од училишна возраст* се наведени методите од разни автори кои се опфатени понатаму во учебникот. Во петнаесеттиот тематски наслов *Лили Кребер – Аше и Гвидо Валдман: Нови начини на свирење на пијаното* детално е претставен овој метод за деца почетници на училишна возраст. Во шеснаесеттиот тематски наслов *Рудолф Кицелман: Свириме тројца на пијаното* е претставен овој уникатен метод наменет за групна настава по пијано за три ученици со оригинални пиеси за пијано за шест раце. Во седумнаесеттиот тематски наслов *Л. Ф. Олсон, Л. Бјанчи и М. Бликенстаф: Музички патеки* е претставен еден од најдобрите американски методи по пијано за деца на училишна возраст. Во осумнаесеттиот тематски наслов *Првиот македонски учебник на Лепша Пиперковска* е претставен првиот македонски учебник по пијано и останатите кои произлегле или пак се надоврзуваат на него. Во деветнаесеттиот тематски наслов *Модел на импровизација за наставата по пијано за II одделение за државните музички училишта во Р. Македонија* е претставен модел на импровизација кој може да се користи заедно со учебникот *Распеани и разиграни прстиња* од Лепша Пиперковска.

Во дваесеттиот тематски наслов *Почетна настава по пијано за возрасни почетници* се претставени карактеристиките на возрасните почетници. Во дваесет и првиот тематски наслов *Возрасниот почетник и неговите когнитивни вештини* се опишани когнитивните вештини на возрасните. Во дваесет и вториот тематски наслов *Возрасниот почетник и неговите моторни вештини* се опишани моторните вештини на возрасните. Во дваесет и третиот тематски наслов *Марта Хили и Лин Фриман Олсон: Пијано за задоволство* е претставена една од најуспешните американски методи по пијано за возрасни почетници.

Списокот на користена литература содржи 37 наслови од кои 20 се странски автори, сите соодветно цитирани во ракописот.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на изложеното, Рецензентската комисија констатира дека ракописот за учебникот „Методика на наставата по клавишни инструменти 1" пријавен од авторката проф. д-р Милица Шкариќ соодветствува на наставната програма по истоимениот предмет на Музичката академија при УГД - Штип. Објавувањето на е-учебникот ќе биде од голема корист за студентите од Катедрата по пијано на Вокално-инструменталниот оддел, но и за поширокaта пијанистичка и музичка јавност.

Според претходно изложеното, Комисијата од горенаведениот состав му предлага на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да го прифати рецензираниот ракопис за учебник „Методика на наставата по клавишни инструменти 1" пријавен од авторката проф. д-р Милица Шкариќ и да го одобри за користење како електронски учебник и негово публикување во електронската библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**Рецензенти**

**Проф. д-р Емилија Потевска-Попивода, с.р.**

**Проф. д-р Татјана Џорлева, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „МЕТОДИ НА ИСПИТУВАЊЕ ВО ПОДГОТОВКА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ”**
**ОД ПРОФ. Д-Р МИРЈАНА ГОЛОМЕОВА И ДОЦ. Д-Р АФРОДИТА ЗЕНДЕЛСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1702-124/20 од 1.7.2019 год., на редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки, одржана на 27.6.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Борис Крстев, редовен професор на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
- д-р Благој Голомеов, редовен професор на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**МЕТОДИ НА ИСПИТУВАЊЕ ВО ПОДГОТОВКА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ**” од **проф. д-р Мирјана Голомеова и доц. д-р Афродита Зенделска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Општи податоци за ракописот:** Доставениот ракопис со наслов „Методи на испитување во подготовка на минерални суровини“ целосно ја покрива Наставната програма за предметот Методи на испитување во подготовка на минерални суровини на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“. Предметот за којшто е наменет практикумот се слуша во втора година во четврти семестар на насока Рударство, со неделен фонд на часови 2+2+1. Практикумот овозможува студентите, преку примери, да ја совладаат материјата која се однесува на решавање на биланси на метал и минерал, шематски приказ за обработка на средна репрезентативна проба, одредување и пресметување на влага, табеларен и графички приказ на резултати од ситова анализа, седиментациска анализа, решавање на примери за рационална анализа, плива - тоне анализа и степен на ослободеност на минералите.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е изложен прегледно и концизно, со низа графички и табеларни прикази, што овозможува полесно да се разбере и усвои од страна на студентите. Текстот кој е напишан на 60 страници е систематизиран во осум поглавја:

1. Биланс на метал и минерал
2. Средна репрезентативна проба
3. Влага
4. Ситова анализа
5. Седиментациска анализа
6. Рационална анализа
7. Плива-тоне анализа
8. Степен на ослободеност на минерал.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Во нашата држава до сега не е објавено учебно помагало/практикум од областа на подготовка на минерални суровини. Бидејќи студентите на студиската програма Рударство на Факултетот за природни и технички науки – Универзитет „Гоце Делчев" во Штип досега немаат на располагање практикум од ваков вид, овој текст ќе има голем придонес во реализација на наставата по предметот Методи на испитувања во подготовката на минерални суровини. Практикумот е изработен во вид на збирка задачи, кој дава насоки и овозможува лесно решавање на проблемите во ПМС.

**Краток опис на содржината:** Во првото поглавје *Биланс на метал и минерал* е даден вовед за технолошките показатели кои служат за контрола на процесот и технолошко-економска оценка за успешноста на процесот, односно изработка на биланси (биланси на концентрација на рудата). Изработката на билансите студентот може да ја совлада со помош на повеќе примери, од кои делумно се дадени со целосно решение, а делумно се без решенија, каде што ќе може самиот студент да вежба.

Второто поглавје *Средна репрезентативна проба* ги опфаќа значајните прашања при обработката на пробата, како што е одредувањето на оптималната тежина на пробата во одделните фази на скратување. Користејќи ги најприменуваните равенки за одредување на минималната тежина на пробата (Ричард-Чечотовата равенка, равенката на Черненко и равенката на Демонд и Халфердал) преку примери, студентот преку шематски прикази може да ја разбере и научи постапката за обработка на репрезентативна проба.

Во третото поглавје *Влага* авторите теоретски ја опишуваат постапката за одредување содржина на груба или јамска влага и хигроскопна влага којашто студентот треба практично да ја примени. Прикажани се и примери за пресметка на влага.

Четвртото поглавје *Ситова анализа* се однесува на одредување на гранулометриски состав на дадена проба со помош на ситова анализа. Ситовата анализа е една од многу често применуваните анализи во ПМС за контрола на процесот на уситнување на суровината, во рамките на лабораториски испитувања, во научноистржувачката работа итн. Прикажани се неколку примери за табеларен и графички приказ на гранулометриски состав и секој студент е задолжен да направи ситова анализа за дадена проба, а добиените резултати да ги прикаже табеларно и графички и од нив да прочита барани податоци.

Во петтото поглавје *Седиментациска анализа* студентот се запознава со методите за издвојување на ситни класи со методата на чаши. Прикажани се и примери за гранулометриски и хемиски состав.

Во шестото поглавје *Рационална анализа* преку примери на решени задачи е прикажан начинот на пресметување на квантитативниот состав на одредена минерална суровина, тргнувајќи од поедноставни кон посложени примери. Исто така, дадени се и нерешени примери кои студентот треба самостојно да ги реши.

Седмото поглавје *Плива-тоне анализа* ја опишува постапката за изведување на оваа анализа преку примери за раслојување на јаглен. Резултатите од плива-тоне анализата се прикажани табеларно и графички според HENRY-REINHARDT. Опишан е начинот за отчитување на податоци за чистење на јаглен од пресметковната табела и од графичкиот приказ.

Во осмото поглавје *Степен на ослободеност на минерал* студентот се запознава со постапката за одредување на количинската застапеност на слободни зрна на даден минерал во однос на целокупната застапеност на истиот во испитуваната проба. Сликовито е прикажано како би се броеле зрната и врз основа на добиените резултати кои се прикажани во табела се одредува степенот на ослободеност на присутните минерали. Предвидено е студентот да вежба препознавање на минерали преку бинокуларен стерео микроскоп и одредување на степен на ослободеност.

**ЗАКЛУЧОК**

Имајќи го предвид изложеното, со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип **да го прифати ракописот „Методи на испитување во подготовка на минерални суровини“ од проф. д-р Мирјана Голомеова и доц. д-р Афродита Зенделска како рецензиран практикум по истоимениот предмет.**

**Рецензенти**

**Д-р Борис Крстев, редовен професор, с.р.**

**Д-р Благој Голомеов, редовен професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ
„ПРАКТИКУМ ПО ОПТОМЕТРИСКИ И ОФТАЛМОЛОШКИ ИНСТРУМЕНТИ”
ОД ДОЦ. Д-Р СТРАХИЛ ГАЗЕПОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ,
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-165/22 од редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 3.9.2019 година, избрана е рецензентска комисија во состав:

- д-р Лечезар Војнов, редовен професор, шеф на Катедра при Воено-медицинска академија - Софија,
- д-р Атанас Калајџиев, доцент, Воено-медицинска академија - Софија.
- д-р Горги Шуманов, редовен професор, Медицински факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „Практикум по оптометриски и офталмолошки инструменти” од доц. д-р Страхил Газепов, наменет за студентите на студиската програма Оптометрија и очна оптика, интегрирани студии од прв циклус на ВЗШ, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Приложениот ракопис за практикум со наслов „Практикум по оптометриски и офталмолошки инструменти” е наменет за студентите на студиската програма Оптометрија и очна оптика, интегрирани студии од прв циклус на ВЗШ, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, за предметот Оптометриски и офталмолошки инструменти, што се изучува како задолжителен предмет во петтиот семестар, со фонд на часови 2+2+1 и носи 5 кредити. Приложениот практикум е во согласност со предметната програма и целосно ја опфаќа наставната материја за практична настава за предметот Оптометриски и офталмолошки инструменти за студиската програма од прв циклус на ВЗШ, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за обемот на ракописот:** Практикумот со наслов „Практикум по оптометриски и офталмолошки инструменти” од доц. д-р Страхил Газепов е напишан на македонски литературен јазик и содржи вкупно 121 страници, во А4 формат. Користен е фонт Arial, со македонска поддршка, со големина на буквите 12 и проред 1,5. Ракописот е поделен во 12 поглавја, согласно со темите што се предвидени за обработка со предметната програма. Ракописот содржи вкупно 99 слики (фотографии, илустрации, графикони, табели и структурни формули). Техничкото уредување на практикумот е на завидно ниво и овозможува одлична прегледност на изложената материја. Ракописот за практикум содржи преглед на користената литература и детален предметен азбучен индекс. Обемот и содржината на ракописот за практикум целосно соодветствуваат со предвидениот фонд на часови за практична настава за предметот Оптометриски и офталмолошки инструменти на студиската програма Оптометрија и очна оптика. Приложениот ракопис за практикум е во согласност со одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Практикум што обработува иста содржина досега не е објавен на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и во Република Северна Македонија и пошироко. Досега се објавени неколку практикуми и учебни помагала од областа на оптометријата и офталмологијата, меѓутоа приложениот ракопис за практикум со наслов „Практикум по оптометриски и офталмолошки инструменти" од доц. д-р Страхил Газепов како целина и како начин на обработка на материјата претставува автентично дело, каде што авторот на еден оригинален начин ги сублимира и систематизира скоро сите инструменти кои се користат во секојдневната пракса во работата на еден оптометрист. Притоа, начинот на кој е презентирана обработената материја целосно соодветствува со предзнаењата на студентите и со целите на предметната програма по предметот Оптометриски и офталмолошки инструменти во рамките на студиската програма Оптометрија и очна оптика. За одбележување е дека обемната и комплексна материја е презентирана јасно и концизно, со користење на разбирлив јазик и стил на изразување, што ја прави приемчива за студентите за кои е наменет овој учебник и говори за компетентноста и посветеноста на авторот.

**Краток опис на содржината:** На главниот текст на приложениот ракопис за практикум му претходи краток предговор каде што авторот дава основни податоци за содржината и намената на учебникот, краток хронолошки преглед за настанувањето и континуираните напори за подобрување на квалитетот на текстот.

Главниот текст на приложениот ракопис за практикум е поделен во дванаесет поглавја, согласно со предметната програма за предметот Оптометриски и офталмолошки инструменти на студиската програма Оптометрија и очна оптика.

**Првото поглавје** го носи насловот *Машини за сечење, обработка на рабови, дупчење и полирање на леќи - 1 дел*. Во оваа поглавје се опишани машини за изработка и брусење на леќи. Понатаму детално е опишан принципот на работа на автоматската машина за брусење, и тоа историски од првите автомати па хронолошки до денешно време. Од оваа тема студентите многу прецизно ќе ја видат разликата и предностите на автоматската машина над рачната машина за изработка на стакла.

**Второто поглавје** го носи насловот *Машини за сечење, обработка на рабови, дупчење и полирање на леќи - 2 дел*. Процес на операции и управување со автоматска машина за брусење на оптички стакла. Опишани се оперативните процедури и управување со мини лаб системот.

**Третото поглавје** е со наслов *Елементи за ориентација и децентрација на леќа*. Опишан е процесот на оцртување на рамка и шаблон, односно како се управува со Ice 1000 NT во Blocker Le системот. Авторот со лесно и јасно објаснување дава приказ во форма на неколку чекори, како и шаблони и слики како да се користи апаратот.

**Четвртото поглавје** е со наслов *Елементи за ориентација и децентрација на леќа - втор дел*. Во ова поглавје авторот дава објаснување за подесување на услови за понатамошна изработка, како што се видови на леќа, материјал на леќа, видови на рамка, како и подесување на услови и внес на податоци за приказ преку шаблони, слики и графикони. Спецификации на обработка за секој вид на рамки.

**Петтото поглавје** го носи насловот *Мерење на закривеност и дебелина на леќа*. Целта е студентите да се запознаат со процесот на изработка на монофокална леќа. За таа цел според дадениот рецепт се внесуваат податоците за приказ на леќи (FPD, PD, висина на оптичкиот центар и OSU), каде што со примери јасно е објаснет процесот и начинот на внесување на податоците.

**Шестото поглавје** е *Ленсметар*. Основен апарат во оптометриска лабараторија без кој не може да се замисли изработка на очила од една страна или пак да се провери веќе изработени очила при нов оптометриски преглед. Функцијата на ленсметарот го кажува самото име и служи да се одреди диоптријата на секое оптичко стакло, да се одреди аголот на цилиндричното стакло и да се постави односно центрира во положба која се бара во оптометриската рецепта за изработка на очила.

**Седмото поглавје** го носи насловот *Визиони карти*. Визиони карти се користат за одредување на острината на видот кај пациентите. Авторот објаснува неколку варијанти за определување на острина на видот: стандардниот Snellen тест кој се користи во поголем број прегледи, LogMAR тестот за острина на видот, кој се користи нашироко при слаб вид или при клиничко истражување, тестот за острина на видот со Lea-симболи од Месачусетс, кој се користи за испитување на острината на видот кај мали деца, табли за испитување на видот за блиску за кои се употребуваат оптотипите по Јегер (Jeger).

**Осмото поглавје** е посветено на Фороптер. Фороптерот се користи за мерење на рефрактивната грешка на пациентот и за одредување на информации за рецепт за очила. Во ова поглавје се обработени принципите на компетитивните на фориоптерот и тоа колку ја олеснува работата на оптометристот и постигнува поголема прецизност и комоција на пациентот. Има и краток историски осврт на развојот на апаратот и неговата неопходност како дијагностичка алатка. Потоа има детален опис на фороптерот кој го поседува УГД. По деталното практично упатство за примена на апаратот се опишани и техники на преглед со истиот и мерењето на растојанието на зениците со помош на фороптерот. Во вториот дел од темата детално се опишани и останатите начини на мерење на растојание на зениците и останатите начини на мануелно одредување на диоптрија со помош на класичен сет со стакла и пробна рамка.

**Деветтото поглавје** е *Ретиноскоп*. Во почетниот дел од темата авторот се осврнува на индикациите на офталмоскопија и на поделбата на директна и индиректна офталмоскопија. Во понатамошната разработка на темата детално се опишани директниот и индиректниот офталмоскоп и принципот и начинот на работа. На крајот од темата детално е опишана дигиталната офталмоскопија како врв во дијагностицирање од овој вид на ретината.

**Десетто поглавје** е Дигитални имицинг техники. Во ова поглавје авторот детално го опишува принципот на ЕХО-графија на око и ЕХО-графите. Кратко авторот ги опишува практично како се изведува ЕХО-графијата со користење на анестезија и без неа, како и нејзината неопходност покрај за дијагностика и за биометрија на око, односно покрај мерење на око и одредување на диоптриска јачина на нашата природна леќа пред операција на катаракта.

**Единаесетто поглавје** е *Окуларна кохерентна томографија*. Во ова поглавје детално се опишува ОЦТ како апарат што претставува најсовремен апарат за дијагностика на око во денешно време. Прво е разработен принципот на работа на апаратот со помош на интерференција на светлината, потоа е разработен историскиот развиток на техниката до денешно време, каде што постои таканаречено Ангио ОЦТ кое покрај томографијата на око прави и симулација на ФФА. Во вториот дел од темата детално е опишан апаратот со интерпретација на наодот кој го дава апаратот.

И последно **дванаесетто поглавје** е *Ласерска офталмоскопија*. Ова поглавје се однесува на флуоресцинската ангиографија која претставува инвазивна метода и која има ризици по здравјето на пациентот. Потоа е разработена и адаптивна оптичка ласерска офталмоскопија како современа метода за дијагностика на болестите на окото.

По дванаесетте поглавја кои го сочинуваат главниот текст на приложениот ракопис за практикум следува детална содржина на текстот, што е изработена квалитетно и прецизно и која дава јасен преглед на содржините што се обработени во рамките на практикумот и преглед на користената литература.

## ЗАКЛУЧОК

Практикумот со наслов „Практикум по оптометриски и офталмолошки инструменти" од доц. д-р Страхил Газепов содржи материјал кој во целост ги задоволува потребите на наставниот план и програма по предметот Оптометриски и офталмолошки инструменти за студентите од студиската програма Оптометрија и очна оптика, интегрирани студии од прв циклус на ВЗШ, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Сите поглавја со практични материјали се на најдобар начин вклопени во единствена целина. Стилот на пишување е разбирлив, лесен за усвојување од страна на студентите за кои е наменет учебникот. Во него се застапени голем број слики, табели и шеми, што го прави приложениот текст да биде појасен и полесно разбирлив за студентите.

На мислење сме дека и овој практикум сигурно ќе претставува значаен придонес кон напорите за обезбедување медицинска литература, посебно од областа на оптометријата и офталмологијата, која е дефицитарна во нашата средина на македонски јазик.

Врз основа на увидот во приложениот ракопис со наслов „Практикум по оптометриски и офталмолошки инструменти" од доц. д-р Страхил Газепов, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да ја усвои рецензијата, да го прифати ракописот како рецензиран практикум и истиот да биде публикуван во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**Рецензенти**

**Д-р Лечезар Војнов, редовен професор, с.р.**

**Д-р Атанас Калајџиев, доцент, с.р.**

**Д-р Горги Шуманов, редовен професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ТЕОРИЈА НА СИГНАЛИ И СИСТЕМИ“**
**ОД ПРОФ. Д-Р САШО ГЕЛЕВ, ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1802-78/7 од 27.8.2019 година, донесена на 144. редовна седница на Наставно-научниот совет на Електротехнички факултет, одржана на 26.8.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **проф. д-р Влатко Чингоски,** редовен професор на Електротехнички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
- **проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска,** редовен професор на Електротехнички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ТЕОРИЈА НА СИГНАЛИ И СИСТЕМИ“** од **проф. д-р Сашо Гелев,** наменет за студентите на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Електротехнички факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „ТЕОРИЈА НА СИГНАЛИ И СИСТЕМИ“ првенствено е наменет за студентите од електротехничката струка на прв циклус студии од сите насоки на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“, како еден од основните учебници по предметите **Теорија на сигнали и системи** на насоката Мехатроника и роботика и **Теорија на системи** на насоките Автоматика и системско инженерство и Електроенергетика и обновливи извори на енергија, кои се изучуваат во III семестар од нивните четиригодишни студии. Содржината на учебникот е приспособена на наставните програми по овие предмети, со фонд на часови 2+1+1 и комплетно ја покрива материјата предвидена за изучување на предметот Теорија на сигнали и системи и голем дел од материјата предвидена за изучување на предметот Теорија на системи.

Истиот учебник може да го користат и останатите технички факултети на Универзитетот „Гоце Делчев“.

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебникот е напишан на А4 формат, нормален проред, фонт Arial, со македонска поддршка, големина на буквите 11 и има вкупно 298 страници. Ракописот исто така содржи 182 слики, 882 формули и 2 табели кои се во функција на основиот текстуален материјал. Предложениот обем и содржината ги задоволуваат критериумите според предвидениот број на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Ракописот е подготвен за да даде дополнителни сознанија од областите на теоријата на сигнали и системи согласно со пропишаните наставни програми и барањата кои се поставуваат пред студентите на Електротехнички факултет. Начинот на изложувањето на материјалот и пристапот што го користи авторот е во склад со потребите и техничките предзнаења кои треба да ги имаат студентите.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, ваква едиција која по обемот и содржината ја обработува проблематиката на сигналите и системите, а која е во согласност со актите на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, не е објавена.

**Краток опис на содржината:** Учебникот е напишан со јасен и разбирлив јазик. Ракописот методолошки е структуриран во единаесет (11) посебни делови, односно глави, при што секоја глава сама за себе претставува една заокружена целина.

**Првата глава** на овој учебник дава еден убав вовед во теоријата на сигналите и системите. Наведено е дека теоријата, анализата и проектирањето на сигналите и системите играат значајна улога во скоро сите области на електротехниката, како и во голем број на други инженерски и научни области. Голем е бројот на примери од електронските системи каде што се вклучуваат сигналите и системите како што се радиото и телевизијата, телефонските мрежи, сонари и радари, навигација и водење, лабараториски инструменти, управување со процесите, биомедицински инструменти, далечински или сателитско набљудување, комуникациска интелигенција, воено и противпожарно набљудување, сеизмичка анализа, радиоастрономија итн. Голем број примери на механички системи подразбираат анализа на вибрации, придушување на осцилациите, микрофони и хидрофони, звучници, мерачи на забрзување итн. Под сигнали ги подразбираме сите влезови и излези, како и внатрешните функции кои овие системи ги обработуваат или пак произведуваат, како што се напон, притисок, помрднување или интензитет.

Во **втората глава** авторот детално ги објаснува најчесто употребуваните континуални сигнали и тоа единечна отскочна функција, единечна импулсна функција, експоненцијални сигнали и синусоидни сигнали. Со помош на овие сигнали се опишува најголем дел од можните управувачки сигнали кои доаѓаат на влез на кој било систем. Покрај описот на овие сигнали во оваа глава е опишана фундаментална операција над сигналите која во теоријата на обработка на сигналите се користи, а тоа е конволуцијата.

Во **третата глава** авторот дава опис на континуалните системи. Како што знаеме интуитивно систем е уред, процес или алгоритам со задача да обработува или да генерира сигнали. Во овој учебник авторот нагласува дека најчесто ќе се занимаваме со системи со еден влез и еден излез. Системите може да се поделат во голем број на категории во зависност од нивните карактеристики. Една од карактеристиките веќе ја споменавме, а се однесува на периодата на сигналот која ја користи системот како свои влезови или кои ги генерира и во зависност на тоа системите се делат на континуални и дискретни. Следна важна каректеристика е линеарноста, според која системите се делат на линеарни и нелинеарни. Трета карактеристика е стационарност (непроменливост) во времето, па според неа системите се делат на стационарни и нестационарни или на временски непроменливи и променливи. Во оваа книга најмногу обработени континуалните системи. Во рамките на линеарните системи постојат некои специфични карактеристики кои може да бидат интересни, па авторот дава краток приказ на некои од тие системи.

Во **глава четири** се обработени т.н. дискретни сигнали. Постои цела класа на временски дискретни сигнали кои се многу корисни при анализа на системите. Во најголем број случаи овие сигнали се аналогни на елементарните континуални сигнали, но секако постојат и значителни разлики. Исто така, авторот нагласува дека со договор во иднина наместо досега користените општи ознаки за сигналите $x\ (t)$ , специјално за временски дискретните сигнали се користи ознаката $x\ (n)$ . Значи, користењето на аглеста заграда наместо мала обична заграда треба да значи дека во прашање е дискретниот сигнал. Дискретните сигнали во литературата многу често се обележуваат и како секвенци бидејќи тие всушност претставуваат секвенца односно низа од броеви.

Во **глава пет** е даден опис на дискретните системи. Сите карактеристики кои претходно се наведени како основни карактеристики на континуалните системи имаат соодветна интерпретација во доменот на дискретните системи. Овие карактеристики имаат значајни последици по однесувањето на системот и поради тоа во оваа глава е дадена нивна соодветна математичка интерпретација.

**Глава шест** ги опишува Фуриеовата анализа и Фуриеовиот ред. Многу често природата на некои сигнали со кои секојдневно се сретнуваме е таква што е потребно да се применат поинакви техники од вообичаено користените. Една од тие техники е трансформација на сигналите во т.н. во фреквентен домен. Фреквентниот домен на сигналите не е ништо друго туку еден поинаков поглед на светот околу нас и многу често некои, инаку многу сложени проблеми во временскиот домен многу поедноставно се решаваат со нивна анализа во фреквентен домен. Прво множество на такви трансформации е Фуруеовата серија и Фуриеовата трансформација на временски континуалните сигнали.

Во **глава седум** како логичен след на работите е објаснета теоријата на Фуриеовата трансформација кај континуалните сигнали.

**Глава осум** дава опис на фреквентниот одзив кај линеарните временски непроменливи (LTI) системи. Во претходните глави е објаснето дека ваквите LTI системи еднозначно може да се опишат со импулсниот одзив на системот. Од друга страна, видовме дека и произволните сигнали во временски домен потполно рамноправно може да се опишат и окарактеризираат со нивните трансформациски парови, што исто важи и за импулсниот одѕив на системот $h(t)$. Со други зборови, линеарниот временски инваријантен LTI систем може да се опише со Фуриеровата трансформација $H(j\omega)$. Доколку со $x(t)$ и $y(t)$ ги означиме влезниот и излезниот систем на еден LTI систем знаеме дека помеѓу нив постои следната врска: $y(t) = h(t) * x(t)$. Според карактеристиката на Фуриеовата трансформација, кога два сигнали влегуваат во конволуција, нивните трансформациски парови се множат, па можеме да напишеме: $Y(j\omega) = H(j\omega)X(j\omega)$. Функцијата $H(j\omega)$ се нарекува фреквентен одѕив на LTI системот.

Во **глава девет** е објаснета Лапласовата трансформација која се користи во процесот на анализа и синтеза на континуалните сигнали во комплексен домен.

Во **глава десет** е објаснета Z-трансформацијата. Во оваа глава се анализираат дискретните сигнали, дискретните системи и трансформацијата која кај ваквите дискретни сигнали и системи зазема исто место како што зазема Лапласовата трансформација во светот на континуалните сигнали и системи.

Во претходните глави авторот објаснува во која мерка фреквентната анализа на сигналите е корисна од аспект на анализа и филтрација на сигналите. Притоа клучниот резултат е содржан во Фуриеовата трансформација приспособена исклучиво за континуални сигнали. Нормално се поставува прашање дали може слична или соодветна трансформација да се развие и за дискретните сигнали, и на тој начин ваквата трансформација да се приспособи на компјутерите кои се во состојба да оперираат само со дискретна низа на броеви. Со таква намера настанала трансформацијата која се нарекува Дискретна Фуриеова трансформација и која во литературата доста често се обележува со ДФТ. Оваа трансформација авторот ја објаснува во **глава единаесет**.

На крајот од учебникот е дадена голема листа на библиографски единици кои авторот ги консултирал и ги користел при пишување на ракописот. Дел од оваа богата литература може да се најде во електронска форма на интернет и може слободно да се користи од страна на читателите за продлабочување на своите знаења од некои области кои се дел од овој ракопис.

Рецензентите при ревизијата на ракописот можеа да констатираат извонредна систематичност во презентирањето на содржините на ракописот. Авторот покажува големо стручно познавање на третираната проблематика, комбинирање на темите и создавање на една суштинска целина која создава простор, не само за запознавање со проблематиката од страна на студентите, туку и за понатамошни анализи, размислувања и продлабочувања на знаењето од областите на електротехниката.

## ЗАКЛУЧОК

Овој учебник претставува основа во изучување на голем број проблеми кои се изучуваат во електротехничките науки, а посебно во делот на пренос на информации кои се неопходни за нормално функционирање на секој систем. Секоја глава е објаснета со голем број на примери преку кои студентите многу лесно може да ја разберат проблематиката која ја изучуваат. Со добро познавање на материјата опишана во овој учебник студентите без тешкотии би можеле да ја следат наставата во следните семестри.

Врз основа на гореизложеното може да се заклучи дека предложениот ракопис насловен како **„ТЕОРИЈА НА СИГНАЛИ И СИСТЕМИ“** може со задоволство да биде понуден како учебник согласно со студиските програми и наставните планови по предметите **Теорија на сигналии системи** и **Теорија на системи** кои се изучуваат

на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Ракописот од педагошки и од стручен аспект поседува потребно стручно и едукативно ниво соодветно за студентите од прв циклус студии.

Оттука, на Наставно-научниот совет на Електротехнички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му предлагаме ракописот **„ТЕОРИЈА НА СИГНАЛИ И СИСТЕМИ“** од проф. д-р Сашо Гелев да го прифати како **учебник** по предметите **Теорија на сигнали и системи** и **Теорија на системи** на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип**.**

**Рецензенти:**

**Д-р Влатко Чингоски, редовен професор, с.р.**

**Д-р Татјана Атанасова-Пачемска, редовен професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ПРАКТИКУМ ПО ФИНАНСОВО ПРАВО“ ОД Д-Р КРИСТИНА МИШЕВА,**

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1102-119/21 од 5.9.2019 година од редовната седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 3.9.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Марко Андонов, редовен професор, Факултет за правни науки, Американ колеџ – Скопје,**
- **д-р Јован Зафироски, вонреден професор, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје,**

за изготвување на извештај/рецензија на приложениот ракопис (практикум) со наслов „**Практикум по финансово право - општ и посебен дел**” од **д-р Кристина Мишева,** наменета за студентите на прв циклус студии на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правниот факултет го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „**Практикум по финансово право - општ и посебен дел**” од д-р Кристина Мишева претставува заокружена целина конципирана согласно со актуелната наставна програма по предметот Финансово право, наменет за студентите на прв циклус студии на Правниот факултет. Предметот Финансово право се изучува како задолжителен предмет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, со неделен фонд на часови (3+2+2), на студиските програми: Правни студии - Штип на насоките: Финансово право, Административно право и Граѓанско право (V семестар), Правни студии - Струмица на насоките: Финансово право, Административно право и Граѓанско право (V семестар). Содржината на ракописот (скриптата) е компатабилна и сеофатна за студиските програми за кои е наменет и во целост ги задоволува потребите на студентите да ги добијат потребните основни знаења.

**Податоци за обемот на ракописот:** Проблематиката што е предмет на обработка во практикумот е претставена во текст од вкупно 79 страници. Практикумот содржи информации, податоци, табели и упатувања кои треба да помогнат во доближување и поедноставно претставување и совладување на материјата до студентите. Ракописот е пишуван во А4 формат, со нормален проред, употребен е фонт Arial, големина на фонтот 12. Обемот на практикумот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часовите и обемот на материјата која се изучува, како и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на ист или сличен наслов:** Рецензентите имаат сознание дека не постојат практикуми со ист или сличен наслов „Практикум по финансово право општ дел“, кои ја покриваат наставната материја од областа на финансовото право.

Сметаме дека материјалот обработен во практикумот се одликува со голема практична значајност, што ќе биде од исклучителна важност за студентите.

Во однос на начинот на организирање на материјалот во практуикумот, може да се констатира дека авторите добро ја структурирале содржината и практичната примена на материјата. Ова е направено во согласност со однапред дефинираниот предмет на истражување.

**Краток опис на содржината:** Содржински ракописот со наслов „**Практикум по финансово право - општ и посебен дел**" од Кристина Мишева е презентиран во 7 (седум) глави, со по две вежби.

Во првата глава авторката преку различните критериуми за поделба на финансиите ги елаборира различните класификации, давајќи акцент на поделбата на финансиите на јавни и приватни.

Авторката во вториот дел од ракописот овозможува да се осознае развојот на финансовото право и финансовото право како позитивното право во составот на секој модерен општествен систем.

Третиот дел е посветен на финансиско-правната норма. Имено, се даваат карактеристките по кои финансиско-правната норма се разликува од останатите правни норми. Кои елемени се потребни за да едно правило стане финансиско-правна норма. А во зависност од субјектите, објектите, времето, начинот на дејствување и обемот финансиско-правните норми можат да се класифицираат, поделат и различно определат.

Четвртата глава именувана како *Финансиско-правен однос* се однесува на разграничување на финансиско-правните односи од другите финансиски односи што е мошне важно. Студентите ќе можат да го диференцираат финансиско-правниот однос од останатите правни односи, како настанува, се менува и престанува еден финансиско-правен однос.

Во петтата глава се дава акцент на субјеките во финансиско-правниот однос и на учесниците во овој вид на правен однос. Како активниот, а како пасивниот субјект стекнува правна и деловна способност во финансиско-правниот однос и кои се нивните права и обврски кои произлегуваат од воспоставениот однос. Се дефинира објектот на финансиско-правниот однос, правото, она кон што е насочено некое субјективно право, врз кого или по повод што се настанува, се остварува некој правен однос и навремено исполнување на обврските на пасивните субјекти. Преку практични примери од финансиско-правната област студентите ќе можат да ги детектираат правата и обврските кои произлегуваат од воспоставениот финансово-правен однос.

Во шестата глава студентите преку анализа на актулените закони во македонското право и реформите во даночниот систем треба да осознаат кои се даночните елементи во определена даночна ситуација.

Во последната (седма) глава авторите укажуваат на неопходната поврзаност на финансиите со создавањето на институционална структура преку која ќе може да се реализираат и de facto да се почитуваат финансиските правила. Постоењето на финансискиот систем е неопходен и константен сегмент на секој општествен систем, поради што функционирањето на институциите во однапред поставена законска рамка се неопходни заради стабилност и ефикасност на еден систем. Во овој дел преку праткични примери студентите ќе практицираат создавање на правни акти на финансиските институции.

Преку ваквиот начин на обработка на предметната проблематика сметаме дека аворката д-р Кристина Мишева ја постигнала главната цел за изработка на овој ракопис, а тоа е студентите преку практични примери да ја разберат суштината на предметот, што е од особена важност за нивното понатамошно специјализирање, дообразување и совладување на суштината на материјата.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на горенаведените констатации, сметаме дека практикумот со наслов „Практикум по финансово право - општ и посебен дел" е солидно изработен. Авторката пред себе има зададено јасна задача и цел на коишто успеала мошне успешно да одговори. Очекуваниот научен и стручен придонес на ракописот се огледа во добивањето на поголемо практично и стручно значење на оваа специфична проблематика. Несомнено, практикумот им дава можност на студентите теоретското познавање да можат да го практикуваат преку конкретно на зададени задачи. Преку изучувањето и практицирањето на содржините на овој ракопис, студентите ќе имаат можност да стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе ги применуваат во конкретни ситуации.

Имајќи го предвид наведеното, со големо задоволство и чест на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип му предлагаме учебното помагало (практикум) со наслов **„Практикум по финансово право – општ и посебен дел"** од д-р Кристина Мишева да биде одобрено за публикување и со тоа да стане достапно во форма на дополнителна или алтернативна литература за студентите.

**Рецензенти:**

**Д-р Марко Андонов, редовен професор, с.р.**

**Д-р Јован Зафироски, вонреден професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ФИНАНСОВО ПРАВО - ОПШТ И ПОСЕБЕН ДЕЛ“ (СКРИПТА) ОД Д-Р КРИСТИНА МИШЕВА, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1102-119/22 од 5..2019 година од редовната седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 3.9.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Марко Андонов, редовен професор, Факултет за правни науки, Американ колеџ – Скопје,
- д-р Јован Зафироски, вонреден професор, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис за скрипта **„Финансово право - општ и посебен дел”** од доц. д-р Кристина Мишева, наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „Финансово право -општ и посебен дел“ од д-р Кристина Мишева претставува заокружена целина конципирана согласно со актуелната наставна програма по предметот Финансово право, наменет за студентите на прв циклус студии на Правниот факултет. Предметот Финансово право се изучува како задолжителен предмет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, со неделен фонд на часови (3+2+2), на студиските програми: Правни студии - Штип на насоките: Финансово право, Административно право и Граѓанско право (V семестар), Правни студии - Струмица на насоките: Финансово право, Административно право и Граѓанско право (V семестар). Содржината на ракописот (скриптата) е компатабилна и сеофатна за студиските програми за кои е наменет и во целост ги задоволува потребите на студентите да ги добијат потребните основни знаења.

**Податоци за обемот на ракописот:** Проблематиката што е предмет на обработка во скриптата/авторизираните предавања е претставена во текст од вкупно 69 страници. Текстот е поткрепен со доволно информации и податоци кои треба да помогнат во доближување и поедноставно претставување на материјата до студентите. Трудот е пишуван во А4 формат со единечен прород, употребен е фонт Arial, големина на фонтот 12. Обемот на скриптата и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на ист или сличен наслов:** Рецензентите имаат сознание дека не постојат скрипти/авторизирани предавања со наслов „Финансово право - општ и посебен дел“, но постојат универзитетски учебници со сличен назив кои ја покриваат наставната материја од областа на финансовото право.

Во целина, ракописот (скриптата) на д-р Кристина Мишева третира мошне атрактивна проблематика која во текот на нејзиниот развој го проширува својот предмет на истражување.

**Краток опис на содржината:** Во однос на начинот на организирање на материјалот во скриптата, може да се констатира дека авторката добро ја структурирала содржината и идејната поставеност на трудот. Тоа е направено во согласност со однапред дефинираниот предмет на истражување. Сите концептуални делови на трудот се правилно и логички подредени, додека одделните тематски содржини се детално структурирани и методично

презентирани. При изработката на скриптата е употребен логичен и стручен пристап. Техничката обработка е солидна и на високо ниво со соодветна компјутерска обработка.

Содржински ракописот со наслов „**Финансово право - општ и посебен дел**" од д-р Кристина Мишева е систематизирана и презентирана во три дела со 10 (десет) глави, според следниов редослед:

**Предговор;**

**Предмет на обработка и идејна поставеност на скриптата;**
**Глава 1** Поим, настанување и карактеристики на финансиите;
**Глава 2** Финансиската дејност на државата;
**Глава 3** Финансиско правна норма;
**Глава 4** Финансиско-правен однос;
**Глава 5** Финансово право;
**Глава 6** Наука за финансиите;
**Глава 7** Финансиска политика;
**Глава 8** Јавни приходи;
**Глава 9** Јавни расходи
**Глава 10** Финансиски систем
**Библиографија.**

Преку содржината опфатена во трудот, читателот би требало да стекне поширока и подетална претстава за поимот, природата и карактерот на финансиите, видовите финансии, поимот и развојот на финансиската дејност на државата, правните основи за остварувањето на финансиската дејност на државата, за настанувањето, постоењето и престанувањето на финансиско-правните односи, развојот на науката за финансиите, финансовото право и финансиската политика. Посебниот дел на ракописот/скриптата претставува дополнување и проширување на општиот дел. Во него на сублимиран начин се обработува поимот на јавните приходи и на јавните расходи, на концептот на нивната взамена условеност и поврзаност, но без да се допира во буџетот и буџетската постапка, како и јавниот долг и заем. Акцентот е на јавните приходи, поим, теорија, класификација, начела, елементи, ефекти и составот на јавните приходи (даноци, поим, класификација, елементи) и поим, теорија, класификација, начела, елементи и видовите на јавните расходи. Авторот несомнено успева да направат соодветен приказ на специфичните поими, следејќи ја нивната еволуција и развој, успевајќи притоа да ја позиционираат нивната улога во системот. Посебен дел се посветува и на финансискиот систем и неговите карактеристики со акцент на македонскиот финансиски систем. Сметаме дека материјалот обработен во скриптата се одликува со голема теоретска и практична значајност, што ќе биде од исклучителна важност за студентите.

Во последната дел авторката ја заокружува целината на ракописот со тоа што укажува на неопходната поврзаност на финансиите со создавањето на институционална структура преку која ќе може да се реализираат и de facto да се почитуваат финансиските правила. Создавањето на финансискиот систем како дел од секој современ економски систем се одвивало постепено и зависело од многу околности, при што покрај карактерот на општествено-економско уредување, значајна улога имала техничко-технолошкиот развој.

Преку ваквиот начин на обработка на предметната проблематика, сметаме дека авторката ја постигнала главната цел за изработка на овој ракопис, а тоа е студентите да можат на симплифициран и приемчив начин да ја разберат суштината на предметот, што е од особена важност за нивното понатамошно специјализирање и дообразување.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на горенаведените констатации, сметаме дека ракописот (скриптата/ авторизираните предавања) со наслов „Финансово право - општ и посебен дел“ е солидно изработен труд кој изобилува со квалитетна научна содржина. Авторката пред себе има зададено јасна задача и цел на коишто успеала мошне успешно да одговори. Очекуваниот научен придонес на гореименуваната скрипта се огледа во добивањето на поголемо наставно-образовно, стручно и посовремено значење на оваа специфична проблематика. Несомнено, предметниот труд дава еден сеопфатен приказ на теоретските и научни аспекти на финансовото право како посебна научна дисциплина. Единствен е впечатокот дека академската и професионална подготвеност на авторката овозможуваат вакво високо ниво на овој ракопис/ труд. Евидентно е дека авторката е на „свој терен“ и нема никакви изненадувања во материјата којашто ја обработува.

Преку изучувањето на содржините на овој ракопис студентите ќе имаат можност да стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе ги применуваат и во останатите предметни дисциплини.

Имајќи го предвид наведеното, со големо задоволство и чест на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип му предлагаме учебното помагало (скрипта) со наслов **„Финансово право – општ и посебен дел”** од д-р Кристина Мишева да биде одобрено за издавање и со тоа да стане достапно во форма на дополнителна или алтернативна литература, како за студентите, така и за пошироката научна и стручна јавност.

**Рецензенти:**

**Д-р Марко Андонов, редовен професор, с.р.**

**Д-р Јован Зафироски, вонреден професор, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

**Билтен 1.10.2019 година**

| | | |
|---|---|---|
| | **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ** | |
| *1.* | ***Наслов на тема*** | Примената на правилна деловна етика во насока на подигнување на мотивираноста и задоволството на вработените |
| | ***Одлука бр.*** | 1202-104/10 од 6.9.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Трајко Мицески |
| | ***Кандидат*** | Ана Бегинова-Тодоров |
| *2.* | ***Наслов на тема*** | Континуирано унапредување на кариерниот развој на лидерот |
| | ***Одлука бр.*** | 1202-107/13 од 20.9.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Трајко Мицески |
| | ***Кандидат*** | Моника Алексовска |
| *3.* | ***Наслов на тема*** | Обезбедување на достапен и соодветен ревизорски доказ како основа за ревизорско мислење |
| | ***Одлука бр.*** | 1202-67/28 од 19.4.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Јанка Димитрова |
| | ***Кандидат*** | Јулија Нанова |
| | **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | |
| *4.* | ***Наслов на тема*** | Видови беззабост и нивна рехабилитација со различни видови мобилни протетски изработки |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-157/62 од 27.8.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Цена Димова |
| | ***Кандидат*** | Светлана Иванова |
| *5.* | ***Наслов на тема*** | Ефикасност на традиционалната кинеска медицина при лекување на хумеро-скапуларен периартрит |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-166/44 од 13.9.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Доц. д-р Ленче Николовска |
| | ***Кандидат*** | Ертан Јигиз |

| | | |
|---|---|---|
| ***6.*** | ***Наслов на тема*** | Кинезитерапевтски третман на сколиоза кај лица со посебни потреби |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-166/43 од 13.9.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Доц. д-р Тоше Крстев |
| | ***Кандидат*** | Христина Митрова |
| ***7.*** | ***Наслов на тема*** | Рехабилитација на пациенти со фрактура на колк |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-166/42 од 13.9.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Доц. д-р Тоше Крстев |
| | ***Кандидат*** | Сара Никова |
| ***8.*** | ***Наслов на тема*** | Внатрешна и надворешна контрола на квалитетот на резултатите во клиничко-биохемиска лабораторија |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-166/41 од 13.9.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Татјана Рушковска |
| | ***Кандидат*** | Лидија Милковска |
| ***9.*** | ***Наслов на тема*** | Рехабилитација кај хемиплегични пациенти после мозочен удар |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-166/40 од 13.9.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Доц. д-р Тоше Крстев |
| | ***Кандидат*** | Марија Митковска |
| ***10.*** | ***Наслов на тема*** | Улога на методите за нервно-мускулна редукција при намалување на моторниот дефицит и мускулниот спазам кај лица со церебрална парализа |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-166/39 од 13.9.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Доц. д-р Ленче Николовска |
| | ***Кандидат*** | Жана Маркова |
| ***11.*** | ***Наслов на тема*** | Рехабилитација на пациенти со повреди на лакотен зглоб |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-166/38 од 13.9.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Доц. д-р Тоше Крстев |
| | ***Кандидат*** | Кристијан Тодоров |

| | | |
|---|---|---|
| *12.* | ***Наслов на тема*** | Застапеност на телесни деформитети кај младата популација на територијата на Град Скопје |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-166/37 од 13.9.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Доц. д-р Ленче Николовска |
| | ***Кандидат*** | Жаклина Стаменкова |
| *13.* | ***Наслов на тема*** | Рехабилитација на спортски повреди со методи на традиционалната кинеска медицина |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-166/36 од 13.9.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Доц. д-р Ленче Николовска |
| | ***Кандидат*** | Влатко Митков |
| | **ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ** | |
| *14.* | ***Наслов на тема*** | Пијанистичко-интерпретациски карактеристики на концертот за пијано и оркестар бр. 1, оп 15 C – dur од Лудвиг ван Бетовен (со концертна програма) |
| | ***Одлука бр.*** | 1902-143/13 од 12.6.2012 г. |
| | ***Ментор*** | Доц. д-р Емилија Потевска |
| | ***Кандидат*** | Елена Трајанова |
| | **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ** | |
| *15.* | ***Наслов на тема*** | Анализа на материјалите и технологијата во процесот на производство на тапацирани столови во Македонија |
| | ***Одлука бр.*** | 1702-247/21 од 4.12.2018 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Петар Намичев |
| | ***Кандидат*** | Татјана Донева |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ
Бр. 2005-124/2
23.9. 2019 год.
ШТИП

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Исправка на

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот со наслов „Оптометриски и офталмолошки инструменти" од доц. д-р Страхил Газепов, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип

Се врши исправка на Рецензијата на ракописот со наслов „Оптометриски и офталмолошки инструменти" од доц. д-р Страхил Газепов, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, Одлуката бр. 2002-111/6 од 223 редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 05.06.2019 година а објавена во Универзитетскиот билтен бр.235 од о1.07.2019г. така што во целиот текст на рецензијата наместо зборовите „ракописот за учебник" треба да стои „ракописот за скрипта", наместо зборот „учебник" треба да стои „скрипта".

Заклучокот треба да гласи:

З А К Л У Ч О К

Скриптата (учебно помагало) со наслов „Оптометриски и офталмолошки инструменти" од доц. д-р Страхил Газепов содржи материјал кој во целост ги задоволува потребите на наставниот план и програма по предметот Оптометриски и офталмолошки инструменти за студентите од студиската програма Оптометрија ни очна оптика, интегрирани студии на прв циклус на ВЗШ при Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Сите поглавја со теоретски и практични материјали се на најдобар начин вклопени во единствена целина. Стилот на пишување е разбирлив, лесен за

усвојување од страна на студентите за кои е наменет. Во него се застапени голем број слики, табели и шеми, што го прави приложениот текст да биде појасен и полесно разбирлив за студентите.

На мнение сме дека и оваа скрипта сигурно ќе претставува значаен придонес кон напорите за обезбедување медицинска литература, посебно од областа на оптометријата и офталмологијата која е дефицитарна во нашата средина на македонски јазик.

Врз основа на увидот во приложениот ракопис со наслов „Оптометриски и офталмолошки инструменти" од доц. д-р Страхил Газепов, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да ја усвои рецензијата, да го прифати ракописот како рецензирана скрипта и истата да биде публикуван во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

РЕЦЕНЗЕНТИ

Д-р Лечезар Војнов, редовен професор,

Д-р Атанас Калајџиев, доцент,

Д-р Горги Шуманов, редовен професор